| Предавање на тема: Сајбер насилство | Запознавање со сајбер насилство како најактуелна форма на насилство.<br>Каракатеристики на сајбер насилството<br>Превенција од сајбер насилство | Претседатели на паралелките во училиштето | Април |
| Работилница на тема „Насилство и ненасилна комуникација“ | Запознавање со формите на насилство, начините за заштита од насилство и видовите на ненасилна комуникација. | Центар за човекови права „Амос“ | Мај |
| 1. Уредување на училишната веб страна www.nenasilnouciliste.weebly.com | - Споделување на информации со сите ученици, наставници и родители од нашето училиште креативно изразување на учениците<br>Информирање и поттикнување на доброто однесување. развивање на ИКТ способности | Тим од наставници Уечници од тимот училиште без насилство | Септември/јун и |

Изработил: Андриана Димитров

## Тим за пофалување и наградување

Членови на тимот: Снежана Захариева (координатор),
Одделенски раководители на деветто одделение: Оливера Илиевска, Горан Димовски, Катерина Наумовска, Славица Костевска, Виолета Поповска

Овој извештај ја прикажува работата на Тимот за пофалување и наградување на учениците во текот на учебната 2024/2025 година. Во него се документирани сите реализирани активности, од планирање и креирање критериуми, до избор и прогласување на првенеци на генерација, согласно важечките нормативи и внатрешни акти на училиштето.

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
| --- | --- | --- | --- |
| Изработка на план за активности за 2024/2025 година | Прецизирање на активностите за работа на тимот за пофалување и наградување на учениците | Тим за пофалување и наградување на учениците | Август 2024 |
| Измени во членовите на Тимот за пофалување и наградување на учениците | Дополнување на Тимот за пофалување и наградување на учениците со нови членови за оваа година со одделенските раководители на 9 одделение | Одделенски раководители на 9 одделение | Септември 2024 |
| Разгледување на критериумите за пофалување и наградување на учениците и нивно дополнување | Дополнување на критериуми<br>Размена на искуства<br>Примена на критериуммите | Тим за пофалување и наградување на учениците | Декември 2024 |
| Распишување на конкурс за прогласување на Првенец на генерација за 2025 година | На веб страната на училиштето и на социјалните медиуми објавен е Конкурс и Критериуми за избор на првенец на генерација. Краен рок за пријавување е 01.05.2025 година | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците | Мај, 2025 година |
| Прибирање на предлози и разгледување на документација на ученици кои се истакнале во основното образование | Членовите на тимот за пофалување и наградување ги рагледаа поднесените портфолија од учениците од деветто одделение за избор на Првенец на генерација.<br>Според член 75 од законот за основно образование, учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања, основното | Тим за пофалување и наградување на учениците | Мај, 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училиште ги пофалува, односно наградува. На крајот на деветто одделение училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација и тоа на најмногу три ученика. Според критериумите за пофалување и наградување и разгледаните портфолија, Тимот за пофалување и наградување одлучи оваа година да прогласи два Првенеци на генерација од деветто одделение, ученикот Стефан Митревски 9-4 одделение и ученичката Ана Јошевска 9-2. одделение. Членовите на тимот донесоа одлука да се додели и Специјална награда за посебни постигнувања во текот на основното образование на ученичката Барбара Василевска 9-5 одделение. Во прилог е бодовната листа. | | |
| Изготвување на годишен извештај за работата на тимот | Изработка на извештај на крајот од годината за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците | Јуни, 2024 |

| Име и презиме | Поени | |
|---|---|---|
| 1. Стефан Митревска 9-4 | 481 | Првенец на генерација |
| 2. Ана Јошевска 9-2 | 455 | Првенец на генерација |
| 3. Антонија Гајтановска 9-2 | 361 | |
| 4. Лина Кулевска 9-5 | 296 | |
| 5. Јована Стрезоски 9-4 | 261 | |
| 6. Барбара Василевска 9-5 | 140 | |
| 7. Павел Каранфиловски 9-5 | 130 | |

Со навремена и доследна реализација на сите предвидени активности, Тимот за пофалување и наградување придонесе за препознавање на постигнувањата и ангажманот на учениците, поттикнување на нивната мотивација и создавање на позитивна училишна клима. Процесот беше транспарентен, базиран на објективни критериуми и поддржан од наставничкиот совет. Тимот препорачува продолжување и унапредување на ваквите практики и во следната учебна година, со можност за вклучување на наставници и стручна служба во дел од активностите.

Изработил: С.Захариева

## Тим за оценување, следење и вреднување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на постигнувањата на учениците во текот на учебната година се врши со примена на разновидни форми, методи и инструменти за континуирано следење и вреднување на постигањата. Во училиштето оценувањето е објективно. Секој ученик се оценува врз основа на систематско следење на неговите постигања, преку различни облици и постапки за испитување на знаењето. Наставниците ги запознаваат учениците и родителите со критериумите за оценување и овозможуваат увид во истото. Тоа се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано.

Во првиот период (I-III одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценети описно.

Во вториот период (IV-VI одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно,а на крајот на учебната година добија свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот период (VII-IX одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценети со бројчани оценки.

Во трите периоди, освен учениците од шесто одделение, на крај на учебна година учениците добија и додаток на свидетелство со опис на постигнувањата на ученикот.

Проверувањата на постигнувањата на учениците се одвиваше според План за писмено проверување на постигањата на учениците кој наставниците го изготвија на почеток на школската година и истиот е евидентиран во дневникот на паралелките.

Наставниците на ниво на стручен актив имаат усогласени критериуми за оценување на ученичките постигнувања, но оценувањето исто така се врши според критериуми и стандарди кои ги утврдува Министерот на предлог на БРО.

### 16.2 ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во училиштето постои тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки,по пол и националност за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и

писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

### 16. 3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Во текот на учебната година директорот заедно со педагошко-психолошката служба правеа посети на часовите на наставниците според Прирачникот за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставницитре и стручните соработници во основните и средните училишта, објавен на страната на МОН. За посетата на наставните часови изработен е интерен образец според Водичот за работа на училишниот инклучивен тим и во истиот се следат следните подрачја:

1. Планирање и поготовка на часот
2. Организација, тек и изведба на часот
3. Комуникација со учениците
4. Оценување на учениците
5. Создавање безбедна и стимулативна средина за учење

Пополнетите обрасци од посетените часови,  се чуваат во регистри во педагошко-психолошката служба.

## Тим за проверката на електронските дневници

Во ООУ „Св. Климент Охридски“ за учебната 2024/25 година еднаш неделно се правеше преглед на Е- дневникот.

Членовите на Комисијата за преглед на Е- дневникот, после извршената проверка пополнуваа формулар за контрола при преглед на Е- дневник и истиот го доставуваа до педагошко-психолошката служба во училиштето. Во текот на прегледите не беа констатирани забелешки и истиот беше уредно пополнет.

Членовите на Комисијата за преглед на Е-дневникот за учебната 2024/25 година беа:

За I одделение – Венета Јоновска

За II одделение- Сузана Дишковска

За III одделение – Даниела Петковска

За IV одделение- Велика Дуковска

За V одделение – Жанета Лутовска

За VI одделение – Христина Андоновски

За VII одделение – Николина Мартиновска

За VIII одделение – Сања Кузмановска

За IX одделение – Наташа Стаменковска

Јуни 2025 Изработил: Анета Николовска

## Тим на ученичката заедница

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| 1.Формирање на ученички тим<br>2.Разгледување на програмата за работа<br>3.Приредба за прием на првачињата | - успешна работа на детскиот парламент<br>- Да се одбележи свечено почетокот на учебната година | -Наставник престставник на училишната заедница<br>-Ученици претставници на училишна заедница<br>-Наставници од прво одд. | Септември 2024 |
| 1. Избор на претставници на ученички парламент<br>2. Избор на претставници за детски правобранител | - успешно функционирање и застапување на правата на децата пред соодветните органи во образовниот процес | -Наставник престставник на училишната заедница<br>-Педагог<br>-Психолог<br>-Директор<br>-Членови на училишната заедница | -<br>Октомври 2024 |
| 1.Работилница „Конвенцијата на детските права„<br>2.Акција за подарување<br>2. Разгледување на успехот на учениците по I тримесечје | -Запознавање со Конвенцијата на правата на детето, дебата организирање на креативни работилници за изработка на подароци<br>-Анализирање на проблемите и предизвиците во училиштето, утврдување на начини за надминување на проблемите во наставата и реализација на истата<br>- | -наставник<br>-претставник од ПСС<br>- ученички тим | Ноември 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Подготовки за реализација на програмата за прослава на Патрониот празник<br>2.Работилница по повод Патрониот празник<br>3. Предновогодишна седница на Ученичкиот Парламент | -вклучување на детскиот парламент во прослава на Патрониот празник<br><br>-Изработка на честитки по повод Патрониот празник<br>-Анализирање на тековната ситуација во училиштето, дебата | --наставник<br>-претставник од ПСС<br>- ученички тим | Декември 2024 |
| 1.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од I полугодие | -Анализирање на општиот успех и поведението на учениците во првото полугодие, утврдување на начините за надминување на воочени проблеми | -ученички тим<br>- претставник на ппс<br>-одговорен наставник | Јануари 2025 |
| 1.Одржана работилница: Имам право да ги знам моите права„<br><br>2. Активности по повод денот на Љубовта | -Категоризирање на правата на децата во групите според Конвенцијата на детските права<br><br>-Изработка на честитки и пораки | -одговорен наставник<br><br>-ученички тим | Февруари 2025 |
| 1.Учество на работилница наменета за родители организирана од страна Макпетрол на тема „врсничко насилство“<br><br>2. Активности по повод 21-ви Март (Денот на | -Земање активност и вклученост во општествени кампањи за ученичкото организирање<br><br>-Организирање еколошка акција, засадување | -одговорен наставник, претседател на УП, ученички правобранител<br><br>-одговорен наставник, ученички тим | Март 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| екологијата) | цвеќиња, разубавување на училишниот двор | | |
| 1.Работилница (подготовка за посета на домот за стари лица Сју Рајдер)<br>2.Посета на Домот за стари лица Сју Рајдер<br><br>1.Работилница: Сајбер насилство, како да се справиш и превенција<br>2. Презентација на извештај за работата на детскиот парламент, предлози за следната година | -Изработка на велигденски украси и честитки наменети за штитениците на СЈУ Рајдер, Битола<br>-Врачување на рачно изработени велигденски украси и честитки на тамошните штитеници и вработени, драмска претстава и кратко дружење<br><br>-дебата за сајбер насилството, презентација и начините за заштита од насилството | -одговорени наставници<br>-Ученички тим<br>-Ликовната секција<br><br>-одговорни наставници<br>-ученички тим<br>-Драмска секција<br><br>-одговорен наставник<br>-ученички тиМ<br>-ППС<br><br>-одговорен наставник<br>-ученички тим | Април 2025<br><br>Мај 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Анализа на годишните активности на ученичкиот парламент | | |

**Координатор на тим за ученичко учество и организирање**

**Христина Андоновски**

## Детска организација

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| *Свечен прием на учениците од прво одделение со пригодна програма | Формирање на паралелките и запознавње со одделенските раководители на првоодделенците | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола | 02.09.2024 |
| *Прием на првачињата во детската организација на Македонија со свечена заклетва. | По повод Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е сторено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата. | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.С.Македонија | 10.10.2024 |
| *Посета на Народен театар | По повод Детската недела,учениците го посетија Народниот театар –Битола и се запознаа со институцијата театар | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Народен театар-Битола | 17.10.2024 |
| Творечка акција Слободна тема. | Ликовен конкурс за деца Творење на слободна тема | ООУ.„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со актив на прво одделение | Февруари 2025 |
| Творечка акција „Читањето е супер моќ“ | Ликовен конкурс за деца “Читањето е супер моќ“,творење инспирирано од светот на приказните и книгите | ОУ .„Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со „Арс Ламина“ | Април 2025 |

Координатор на Детската организација : Одд. наставник Наташа Илиевска

## Антикорупциска едукација на учениците

ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ВО ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА

Со самото воведување на проектот за антикорупциска едукација уште во 2018год.,беше одржана едукациска обука на наставниците од училиштето.Беа образложени сите компоненти на на едукацијата,разработени и објаснати главните поими корупција и антикорупција,суштината и целта на запознавањето со ваквата појава во општеството.

Врз основа на тоа изготвен е план за поефикасно имплементирање во наставата по предметна настава.Имено,класните раководители одделувајќи простор во одделенските часови да ги реализираат неколкуте работилници за антикорупција како и да ги анектираат во планот и програмата за одделенски час.Исто така,антикорупциската едукација е во самата наставна програма по предметот „Граѓанско образование“ во деветто одделение.

Во прилог се и ивештаите како се реализирале работилниците:

**Извештај за реализираната работилница од проектот**

**„Антикорупциска едукација на учениците“**

Првата работилница според програмата за „Антикорупциска едукација на учениците“ е реализирана со учениците од деветто одделение, со наслов „Причини и последици од корупцијата“ на која се разјаснети повеќе поими поврзани со корупцијата и преку вежбата„Линија на животот“,при што учениците се доведуваат во ситуација на дилема како би реагирале во дадената ситуација прикажана преку вежбата.

**Извештај за реализирана работилница од проектот**

**„Антикорупциска едукација на учениците“**

Втората по ред работилница за антикорупциска едукација на учениците е реализирана со учениците од деветто одделение под наслов„Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција“.Преку вежбата каде се прикажани дадени ситуации,учениците треба да определат во кој случај имаме корупција и со тоа да се провери нивото на свесност на учениците за појавата на корупција во општеството и зошто корупцијата е нагативна општествена појава

### *Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето*

Подрачје: Институции од областа на културата и образованието

Како и секоја учебна година, така и оваа, тимот од наставници со посебно внимение го следеше развојот на учениците. Во нашето училиште како во делот за стекнување вештини, знаења, така и во воспитно – образовниот сегмент. Целта беше определување на слабите и јаките страни, нивно подобрување, откривање на талентираните и надарени ученици, помош за децата со пречки во развојот.

Успешната реализација на образовниот процес зависи од квалитетно изработените програми, покрај, се разбира, професионалноста на наставниот кадар, на што и оваа година обрнувавме големо внимание. И оваа година голем дел од нашите ученици учествуваа на повеќе натпревари каде беа освоени солидни места. Натпреварите секогаш се солидна можност за истакнување на квалитетните ученици, презентирање на стекнатите знаења, но и можност за откривање на слабите страни на програмите за работа, условите за работа, финансиските недостатоци, организациони проблеми и сл.

Успешно беа реализирани голем број учества на конкурси, како во училиштето, така и надвор од него како доказ за долггодишната соработка со другите училишта, институции во Битола и пошироко.

Можност за успешна промоција ни овозможи и новиот број на училишниот весник „Светлини“, особено презентирањето на драмската секција преку изведбата на повеќе драми во и надвор од училиштето. Онаа што треба да се истакне во овој домен е фактот што се работеше на драмски изведби подготвени од ученици членови на секцијата.

Нашето училиште редовно одржува врски со ДПМ преку разни соработки, промоции, конкурси и сл. Врската со Друштвото, најчесто ја оствaруваме преку колешката Мирјана Стојановска, која истовремено е и член на ДПМ.

Активот по јазици редовно организира посета на Саемот на книгата во Скопје каде учениците имаат можност да ги запознаат делата на македонските и странските автори, да ја развијат љубовта кон пишаниот збор, лично да се запознаат со некој од авторите, да учествуваат на промоции и сл. Сите поголеми настани во училиштето редовно се покриени со медиумско промовирење со што ја потврдуваме соработката со локалните медиуми и пошироко.

Дата: 3.6.2025 г.　　　　　　Одговорен наставник: Оливера Илиевска

### *Тим за уредување на веб страната*

| **Цели од годишната програма** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка зошто не е реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Изработка на програма на тимот** | Наставници на тимот | Август 2024 | Адаптирање и усогласување на програмата на тимот со протребите на училиштето | / |
| **2. Избор на тим - од ученици кои ќе учествуваат во уредувањето на веб страната** | Наставници на тимот | Септември 2024 | Вклучување на ученици од 8 одделение во уредувањето на веб страната, првично во средување на материјали кои ќе бидат поставени на страната | / |
| **3. Обука на тимот од ученици** | Наставници на тимот и ученици | Подготвување на учениците за пополнување на веб страната | Октомври 2024 | / |
| **4. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната** | Наставници на тимот | Тековно | Збогатување на веб страната со нови содржини со цел промоција на училиштето | / |
| **5. Изработка на полугодишен извештај** | Наставници на тимот | Јануари 2025 | Анализа на работата на тимот за прво полугодие | / |
| **6. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната** | Наставници на тимот | Тековно | Збогатување на веб страната со нови содржини со цел промоција на училиштето | |
| **7. Изработка на годишен извештај** | Наставници на тимот | Јуни 2025 | Анализа на работата на тимот за 2024-25 година | |

**Координатор на тимот за уредување на веб страната – Атанас Пеев**

*Тим за претприемништво*

**ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ:** Дарко Аврамоски **- координатор,** Предраг Созовски- **директор,** Снежана Захариева (еко), Лилјана Алабаковска (хуманитарни), Александар Јаневски (базари), Весна Димитровска

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година, во текот на првото полугодие е делумно реализирана. Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во прво полугодие:

| АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Изработка на план за активности за 2024/2025 година** | Да се прецизираат сите активности за работа на тимот за претприемништво Квалитетна и применлива програма | Тим за претприемништво<br><br>Директор | Јуни 2024 |
| Организација на претприемачки панаѓур | Да се истакнат сите идеи на учениците и да се поттикне претприемачкото размислување кај нив | Тим за претприемништво Директор Ученици од I до IX одделение | 16 април |
| Посета на обуки и работилници за претприемништво | Да се стекнат искуства и знаења од областа на претприемништвото | Институции и граѓански организации кои се организатори на обуки и работилници | Септември 2024/ јуни 2025 |
| Анализа на работата на тимот и реализација на програмата | Успешна соработка помеѓу членовите на тимот Реализирана програма | Тим за претприемништво | Септември 2024/ јуни 2025 |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот | Известување самоевалуација на крајот од првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата за работа | Координатор на тимот за претприемништво | Декември 2024 |

**Координатор на тимот за претприемништво - Дарко Аврамоски**

***Тим за прослави и приредби***

| Цели од годишната програма на тимот 2023/2024 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| Приредба по повод - Прием на првачињата во Детската организација | РЕАЛИЗИРАНО | 10.10.2024 година | На ден 10-10-2023 во училишната трпезарија во нашето училиште „Свети Климент Охридски“ се одржа свечен прием на првачињата во Светската детска организација под мотото,,Правата на детето безбеден чекор кон среќно детство“. Се реализираше мала свечена манифестација на во која учествуваа поголемите ученици од нашето училиште. Директорот на училиштето им ја предаде свечената заклетва на првачињата. Одговорни наставници за подготовка и реализација на настанот беа одделенските наставнички и претседателот на стручен актив од прво одделение | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Приредби по повод Денот на училиштето | РЕАЛИЗИРАНО | 28.12.2024 година | По повод Денот на училиштето, во оваа учебна година успешно се реализира недела на училиштето која се реализира во периодот од 2-5.12.2024 година, во која сите стручни активи се претставија со активности и работилници кои беа организиарани од страна на учениците. Централната манифестација се реализира во НУ Театар-Битола на 6.12.2024 година Активностите се реаелизираа под мотото „Градиме мостови за посветла иднина“. | / |
| Претприемнички настан – Новогодишен базар | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | | Тимот одлучи заради подобри временски услови да се реализира Велигденски панаѓур |
| Приредба по повод одбележување на Денот на екологијата | РЕАЛИЗИРАНО | 28.3.2025 година | Секогаш има надеж. Одбележување на Денот на екологијата и пролетта преку театарската претстава „Здивот на надежта“ работена според текст на ученикот Стефан Митревски | |
| Маскембал по повод 1Април, Денот на | НЕРЕАЛИЗИРАНО | | | Не е реализиранот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шегата | | / | | во почит кон немилиот настан во Кочани |
| Претприемнички настанвелигденски панаѓур | РЕАЛИЗИРАНО | 16.4.2025 | Настанот е реализиран во соработка со Совет на родители, ученици и наставници. На истиот беа вклучени сите одделенски совети, а локациски настанот се реализира на спортските терени во нашето училиште | |
| Свечена манифестација за избор на првенец на генерацијата | РЕАЛИЗИРАНО | 5.6.2025 | Свечено доделување на благодарници за сите ученици кои учествувале на државен натпревар и прогласување на првенци на генерацијата. Настанот го збогатија училиштниот хор и оркестар, како и драмската секција во нашето училиште | |

**Изработил:**
Претседател на тимот за прослави и приредби
**Александар Јаневски**

## *Тим за соработка со локалната заедница*

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.Добра книга на вашата полица е исто како добар пријател. Изразуваме јавна благодарност до Lions Club "Kabadaja" - Битола , кои во соработка со претставникот од македонската амбасада во Австрија Илче Касовски, ја збогатија нашата библиотека со голем број книги на германски јазик. | Подобрени услови во училиштето . | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,,наставници,ученици,родители | 26.8 2024 |
| 2. Континуираната обука на наставниот кадар на нашето училиште продолжува и во летниот период. Реализирана обука за структура на индивидуален образовен план (ИОП) и како да се подготви од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска | . Подобрени услови во училиштето . | Наставници, ученици,родители, директор, стручна служба | 27.8 2024 |
| **3.** Прием на првачиња | Подобрени услови во училиштето | Наставници,ученици,родители, директор,стручна служба,медиуми | 2.9.2024 |
| 4.-Благодариме на Halkbank AD Skopje која ги израдува и пречека нашите првачиња со школски подароци | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,родители | 4.9 2024 |
| 5. Како и секоја година така и оваа, повторно летото го искористивме за подготвени да ја пречекаме новата учебна година.<br><br>Целосно сменета столаријата во училишните ходници, глетована и фарбана површина од 1600 м2, фарбање на дел од надворешната фасада, клупите, набавка на наставни средства и помагала.<br><br>При приемот на првачиња од страна на заменикот градоначалник најавено е целосно уредување и нови оградени спортски терени со тартан подлога! | Подобрени услови во училиштето,стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, наставници,ученици,родители | 5.9 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 6. „Нема поисполнети денови во детството од оние поминати со омилената книга.“ – Марсел Пруст<br><br>Благодарност до НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола за доделените ваучери на нашите првачиња за бесплатно годишно користење на градската библиотека. | Подобрени услови во училиштето,стекнува ње на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., специјални едукатори | 12..9 2024 |
| 7 Голема благодарност до осигурителното брокерско друштво MintIns за нивната донација на нова гарнитура на дресови за нашите млади спортисти.<br><br>Исто така изразуваме голема благодарност и до Lions Club "Kabadaja" - Bitola кои во заедничка акција со SkillUp Academy донираа статичен велосипед за потребите на децата со посебни потреби. Влогот во младите е влог во нашата иднина.<br><br>Им благодариме !!! | Подобрени услови во училиштето. | Соработка со, установи и претпријатија директор,наставници, ученици, родители | 17.9 2024 |
| 8. ,По повод 26 септември, денот на европските јазици, наставниците по германски јазик од нашето училиште, заедно со наставниците по германски јазик од ООУ ,,Коле Канински", организираат забавни активности за промоција на јазичната шареноликост и меѓусебно разбирање на тема: ,,Sprachen feiern, Brücken bauen".<br><br>На работилницата ќе присуствуваат ученици од 6 одделение од двете училишта!<br><br>,,Ги славиме јазиците, градиме мостови" | Подобрени услови во училиштето,стекнува ње на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници. | 24.9 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9.** Нашето училиште беше дел од традиционалниот есенски крос, кој и оваа година помина во одлична организација на ОСУС -Битола во соработка со „Центар за Јавно здравје" и „Црвен Крст" -Битола. На настанот зедоа учество 480 ученици од основните училишта и 120 ученици од средните училишта во 20 категории под менторство на 54 Професори. Во поединечна конкуренција нашите ученици ги освоија следните места:<br><br>Александар Јуниор Пеовски 5 одд. 1 место,<br><br>Надја Атанасовска 6 одд. 2 место и<br><br>Антонија Гајтановска 9 одд. 1 место, со што го освоивме второто место во екипна конкуренција. Честитки на сите учесници! | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со установи , директор,наставници,ученици,родители | 2.10 2024 |
| **10.** Во паралелка I-5 присуствуваше Д-р Марија Прчевска, која заедно со одделенскиот раководител Венета Јоновска успешно реализираа наставен час по природни науки за човечките заби грижа, нега и здрава исхрана. Благодарност за соработката | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници. | 7.10 2024 |
| **11.** „„„Ако не можеш да нахраниш 100-тина луѓе, нахрани само еден човек.“ – Мајка Тереза<br><br>Под мотото „Градиме мостови за посветла иднина“ и оваа година Багетто Домашна кујна излезе во пресрет за нашите ученици, донирајќи оброк во текот на целата учебна година за оние на кои им е најпотребно. Ја користиме оваа прилика да им се заблагодариме за нивната хуманост. | Подобрени услови во училиштето,стекнување на нови знаења кај учениците | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници. | 9.10 2024 |
| **12.** Активности на учениците од прво одделение по повод Детската недела - Правата на детето -безбеден чекор кон среќното детство | Подобрени услови во училиштето,стекнување на нови знаења кај | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,дир | 9.10 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учениците. | ектор,професори | |
| 13.Нашите првачиња дадоа свечена заклетва и станаа дел од Светската детска организација со мотото „Правата на детето-безбеден чекор кон среќното детство!"<br><br>Постарите ученици од училиштето им подготвија пригодна приредба и им го честитаа Приемот во Детската организација | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,директор,професори | 10.10 2024 |
| 14.Благодарност до С О У Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за отстапените 25 училишни клупи со кои целосно опремивме два кабинети. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,директор,професори | 14.10 2024 |
| 15.<br><br>Еразмус денови<br><br>Креативна работилница - ги учиме знамињата на земјите кои учествуваа во проектите кое нашето училиште ги реализира досега | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето. | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,директор,професори | 15.10 2024 |
| 16.Националниот сојуз на слепите на Република Македонија, денеска го одбележува 15 октомври – Меѓународниот ден на Белиот стап. По овај повод нашето училиште го одбележа денот со заеднички час на наставничката Катерина Наумовска и Специјалниот едукатор и рехабилитатор | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со, установи и претпријатија директор,наставници, ученици, родители,специјални едукатори. | 15.10 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Андријана Шокларовска, со кратка презентација на Брајово писмо и основни карактеристики на функционирање и помош на слепите лица при решавање на математички задачи | | | |
| 17.На 15.10.2024 година во нашето училиште се одржа едукативна работилница од страна на претставници од МВР за заштита на децата како најранлива категорија учесници во сообраќајот. Стручните лица им ги објаснија клучните аспекти и мерките за подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот и да се обезбеди безбедно патување на децата и да ги заштити од несреќи. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,ученици,наставници,директор,професори | 15.10 2024 |
| 18.Учениците од прво оддделение со своите одделенски раководители беа во посета на НУ Народен Театар Битола. Се запознаа со културната установа ТЕАТАР и улогата на вработените во него. Успешно застанаа на сцената и ги одиграа своите замислени улоги. Им благодариме за приемот и вниманието. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со, установи и претпријатија директор,наставници, ученици, родители,институции.,НУ Народен Театар-Битола. | 17.10 2024 |
| 19.Еразмус денови<br><br>Со учениците кои биле учесници на Еразмус мобилноста дискутиравме за предизвиците, искуствата и придибивките од обуките | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 17.10 2024 |
| 20.Во нашето училиште, одржавме работилница во чест на Неделата на италијанскиот јазик во светот. Учениците учествуваа во различни активности, истражувајќи ја италијанската уметност, занаети и познатата италијанска кујна.<br><br>Тие создадоа впечатливи цртежи на познати споменици како Колосеумот и Риалто мостот, изработија 3Д модели од Кривата кула во Пиза, а во кујнскиот агол подготвија традиционални јадења, | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., специјални едукатори | 17.10 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вклучувајќи лазања, паста и пица.<br><br>Оваа прослава е одлична можност да се негуваат и споделуваат богатите традиции на Италија и да се поттикне љубовта кон италијанскиот јазик и култура. | | | |
| 21.ХУМАНОСТА НЕ ПОЗНАВА ГРАНИЦИ<br><br>Хуманоста, емпатијата, одговорноста се човечки особини, кои денеска беа доживеани на дело од учениците во IV одделение. Учениците заедно со нивните одделенски наставнички беа во посета на Домот за стари лица „Софија“, а при посетата покрај свежото овошје, детски изработки и преубавата песна, со корисниците на домот споделија и искрени насмевки, дружење и многу емоции.<br><br>Голема благодарност до Приватната установа за социјална заштита на стари лица ДОМ Софија за приемот.<br><br>Стручен актив на IV одделение<br><br>Приватна установа за социјална заштита на стари лица ДОМ Софија Битола | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици<br><br>Приватна установа за социјална заштита на стари лица ДОМ Софија Битола | 24.10 2024 |
| 22.На 22.10.2024 година ученичкиот правобранител Марија Трампеска и претседателот на училишниот парламент Антонија Гајтановска од нашето училиште подотвија работилница на тема: Историјата на Конвенцијата за правата на детето.<br><br>На истата учениците од 4 до 9 одделение се запознаа со историјата на Конвенцијата за правата на децата како и со основните права на децата и обврските на државите за нивна заштита.<br><br>Учениците преку дебата ги истакнаа своите мислења за правата на децата и даваа конкретни примери на кршење на детските права. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,,наставници., ученици | 22.10 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| На крај ги разгледаа можностите за понатамошно вклучување на учениците во активностите за заштита на правата на децата. | | | |
| 23.По повод Светскиот ден на штедењето претставници од Стопанска банка а.д.Битола ги посетија учениците од прво одделение. За таа цел ги запознаа со поимот детско штедење и важноста на истото.<br><br>Со учениците се одржа работилница на која им беа поделени боенки и боички и следеше работа во нив | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка соСтопанска банка а.д.Битола ,директор,наставници,<br><br>ученици, | 31.10 2024 |
| 24 .31 Октомври Светски ден на штедењето. "Учам да штедам"<br><br>Штедењето се учи од мали нозе. За таа цел преставници од банката Silk Road ги посети првачињата и ги научи на една особено важна навика - ШТЕДЕЊЕТО ПАРИ! | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со банката Silk Road-Битола ,директор,наставници,<br><br>ученици, | 31.10 2024 |
| 25 ..,,Поезија во срцето"<br><br>По повод патронот на ООУ,, Стив Наумов"-Битола, во училишната библиотека, на, 24.10.2024.г., беа доделени наградите од литературно-ликовниот конкурс со мото:,, Моето училиште, мојот град, моето се". На наша чест и задоволство, нашата соученичка, осмоодделенката Антонија Вишиноска, ја освои втората награда. Таа, со својата длабока и емотивна | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 1.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| песна, слушателите ги внесе во светот на нејзините лични искуства и доживувања од училишниот живот и родниот град.<br><br>„...Моето се е тука, во срцето длабоко, училиште и град, љубов што трае деноноќно. Тие ми се крилја, патот што го газам, тие ми се светлина, со нив никогаш не паѓам." На Антонија и посакуваме успешни идни поетски бранувања. (од членовите на литературната секција) | | | |
| 26.„Предизвикот наречен акростих"<br><br>На 31.10.2024.г.,во малата сала на Центарот за култура, се одржа литературно читање, по распишаниот конкурс, организирано од „American corner" - Битола. Личните творби можеа да бидат пишувани на еден од јазиците: англиски, француски, грчки или на македонски јазик, во задолжителен акристих-предизвик за нашите осмоодделенки, Антонија Вишиноска и Ангела Стојановска. Тие твореа на македонски јазик, а на нивно големо задоволство, ги прочитаа и споделија своите акростихови пред присутните. Нивната возбуда беше голема. Сертификатите и насмевките кажуваат се. Им честитаме и ги охрабруваме и да творат и во иднина. (од членовите на литературната секција) | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 1.11 2024 |
| 27.Учениците од II-5 и II-3одд на 1.11.2024г беа дел од Филмскиот фестивал : „Мала школа за краток филм", во соработка со Филмскиот фестивал во Нанси-Франција, Општина Битола и Францускатa алијанса. Следеа 5 кратки филмови, а потоа учествуваа во дискусија за содржината, извлекоа универзална порака за другарство и меѓусебно помагање и притоа избираа кој филм најмногу им се допадна. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 1.11 2024 |
| 28. Во просториите на ФИКТ се одржа настан од циклусот „ФИКТ – Вселена за најмладите“. Во посета на настанот на 1 | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - | 4.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ноември 2024 година беа учениците од ООУ „Климент Охридски" кои заедно со своите ментори ги посетија предавалните и компјутерските лаборатории на ФИКТ. Младите гости со внимание ја следеа Прошетката низ вселената преку презентацијата на куполата за виртуелна реалност. | училиштето | образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | |
| 29.Идеалот на нашите борци Илинденци и славни партизани е остварен:<br><br>Слободна Битола.<br><br>Учениците од II одд. положија свежо цвеќе на споменикот на Стив Наумов и се запознаа одблизу со неговиот лик и дело.<br><br>Шетајќи низ градскиот парк се запознаа и со другите народни херои, што ги положија своите животи за својата татковина. И нив им оддадоа почит со свежо цвеќе.<br><br>Никогаш да не ги заборавиме. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 4.11 2024 |
| 30..По повод - 80 години слободна Битола, нашите ученици од III одделение, заедно со нивните наставнички, зедоа учество на интересен настан- цртање на 80 метарско платно во чест на Битола. Настанот беше организиран од страна на Адамс Арт и ликовниот уметник Анкица Стевановска. Платното беше дел од изложбата организирана по истиот повод. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 5.11 2024 |
| 31.Нашите ученици беа дел од ноќната трка, која секоја година традиционално се реализира во чест на ослободувањето на нашиот град Битола, при што забележаа одлични резултати.<br><br>Ја користиме приликата да им честитаме на сите ученици и нивните ментори за постигнатиот успех.<br><br>Петар Спирковски IV¹ - 2 место<br><br>Александар Јуниор Пеовски V² - 1 место | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 5.11. 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јована Трајковска VIII⁴ - 3 место<br><br>Антонија Гајтановска IX² - 1 место<br><br>Ангела Јанкуловска IX³ - 3 место | | | |
| 32.Најголемата човекова вредност- слободата е вечна тема и инспирација,посебно на младите кои треба да се стремат да ја сочуваат. Ученичките од нашето училиште ООУ „Св Климент Охридски" -Битола<br><br>Мила Димовска, АнаМарија Ѓувтевска, Анастасија Кузманоска, Маригона Зенуни од 7 одд. и ученичката Антонија Вишиноска од 8-5 одд. учествуваа со литературни творби на настанот одржан во Центарот за култура, по повод 80 години од ослободувањето на Битола. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 9.11 2024 |
| 33. По повод 80 години од постоењето на НУ Народен Театар Битола, учениците од II-4 и II - 5 одд. од нашето училиште учествуваа на работилница од актерски карактер.<br><br>Тие одблизу се запознаа со театарската сцена и со сите професии кои се присутни во истата. Беа воодушевени што за прв пат се најдоа од другата страна на рефлекторите. Самите тие се најдоа во улога на актери во театар и се запознаа со волшебностите што ги има оваа професија. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици<br><br>НУ Народен Театар Битола, | 13.11 2024 |
| 34.Срдечно пречекани од Општина Битола и градоначалникот на нашиот град.<br><br>Во корелација со предметот Историја и општество учениците од четврто одделение беа во посета на Општина Битола. Нè пречека Марина Стефановска Јовчева- општински просветен инспектор. Детално ни ја објасни работата на Советот на општина Битола, а учениците желни за знаење, со многу | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици,<br><br>Општина-Битола | 13.11.2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прашања, на кои таа љубезно ни одговори.<br><br>Потоа нè прими и „таткото“ на градот, Тони Коњановски, кој со задоволство разговараше со учениците и одговараше на нивните прашања.<br><br>За крај ја посетивме просторијата во која се крунисува љубовта со брак.<br><br>Благодарност до вработените на Општина Битола - официјална страница , Марина Стефановска-Јовчева и градоначалникот Тони Коњановски | | | |
| 35.По повод "Месецот на книгата", неколку ученици од нашето училиште, заедно со наставниците по германски јазик, учествуваа во работилница и низа активности по германски јазик под мотото "Bücherflohmarkt" и беа гости во ООУ"Коле Канински", заедно со ученици и од ООУ"Елпида Караманди".<br><br>Учениците се дружеа, разменуваа книги, читаа заедно, цртаа..., а на крајот повторно се потврди за големото значење на на книгите.<br><br>На било кој јазик КНИГАТА Е КНИГА!<br><br>Читајте книги, само тие можат да нè прошетаат на недостижни места! | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 14.11 2024 |
| 36.Нашето училиште се вклучи како поддршка за зголемување на урбаните зелени површини и намалување на загадувањето на воздухот. Во партнерство помеѓу Општина Битола и проектот „ЕУ за чист воздух“ во Битола се садат 1,500 внимателно избрани видови дрвја. Проектот е финансиран од Европската Унија и имплементиран од УНОПС во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Во засадувањето беа вклучени ученици и наставници од основните училишта | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици,Општина-Битола. | 15.11 2024 |
| 37.Учениците од II-5, заедно со нивната | Стекнување на нови | Соработка со другите основни | 19.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставничка Снежана Стојанова, го одбележаа Меѓународниот ден на детето, реализирајќи работилница, која ја водеше Билјана Бејковска, претставник од Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights "Amos" . Децата, преку интерактивни активности, учеа за нивните права и одговорности. | знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици, Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights "Amos" | |
| 38.Возбудливо доживување и еден малку поинаков училишен ден поминаа учениците од III одд.<br><br>Посета на ФИКТ и едно несекојдневно искуство при посетата на Планетариумот и запознавање со тоа што се претставува високото образование, во корелација со предметот - општество и природни науки. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници. ученици | 20.11 2024 |
| 39.Под мотото,, ИАКО РАЗЛИЧНИ, СИТЕ ДЕЦА СЕ ИСТИ"денес во нашето училиште се одбележа 20 НОЕМВРИ- светскиот ден на детето. На настанот гости ни беа дечињата од градинката ЈОУДГ „ Мајски Цвет “ - Битола подрачна градинка ,,Коца Василева".<br><br>Заеднички со учениците од второ одделение од нашето училиште успешно ни ја претставија СУПЕРМОЌТА НА ДЕЦАТА.<br><br>На овој настан гости ни беа претставници од Македонија осигурување, со кои засадивме по едно цвеќе во знак на детето.<br><br>Директорот на училиштето им врачи Благодарница за нивното учество во настанот и засадување на цвеќињата. А најмалите гости од градинката ни врачија подароци-рачно изработени предмети. Голема благодарност и до нив. Полициски службеници од СВР - Битола одржаа кратко предавање за безбедноста на децата.<br><br>Ви благодариме на сите за учеството на денешниот настан, а најмногу на | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници.ученици | 20.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕЦАТА. | | | |
| 40.Одбележувањето на Меѓународниот ден на детето овозможува да се слушне гласот на децата и да се нагласи дека сите деца имаат права и одговорности кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето.<br><br>По тој повод, денес беше одржана работилница за детски права со учениците од трето два одделение и нивната наставничка Гордана Анастасова, како и Билјана Темелкова-Бејковска , претставник од Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights "Amos" - Битола. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници.ученици | 20.11  2024 |
| 41.„Ако со човек зборуваш на јазик кој тој го разбира, тоа заминува во неговата глава. Ако со човек зборуваш на неговиот јазик, тоа заминува во неговото срце“. – Н. Мандела<br><br>Директорите и наставниците по француски јазик од основните училишта: ООУ „Климент Охридски", ООУ „Даме Груев" , ООУ „Гоце Делчев" ,ООУ „Стив Наумов" и ООУ „Кирил и Методиј", присуствуваа на потпишувањето на Анекс на Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука и Францускатa Амбасада за сензибилизација на францускиот јазик во основно образование.<br><br>Меморандумот го потпишаа Министерката за образование проф. д-р Весна Јаневска и амбасадорот на Република Франција, Кристоф Ле Риголер | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 21.11 2024 |
| 42..Во периодот од 11 до 15 ноември нашето училиште беше домаќин на ученици и наставници од Романија. Посетата беше реализирана преку Еразмус програмата за акредитација и се | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, | 22.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реализираа активности за учење на учениците каде што учествуваа и наши ученици од петто одделение | | директор,наставници., ученици | |
| 43.Во пресрет на националниот празник на Америка, "Thansgiving Day" во нашето училиште се одржа едукативна презентација за значењето и начинот на прославување на празникот.<br><br>Учениците имаа можност да се запознаат со културните особености на Америка како и да поставуваат прашања до презентерите од American Corner Bitola, на кои им сме особено благодарни за соработката. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 26.11 2024 |
| 44.Сонот на секое дете започнува со учителот кој верува во него, го мотивира, го инспирира и го води напред. Учителот е личност што ја буди радоста и желбата во детската душа за креативно изразување и знаење.<br><br>Универзитетот во Битола и нашето училиште се подготвуваат за одбележување и чествување на нашиот заеднички патрон Св. Климент Охридски. За таа цел во просториите на Педагошки факултет се реализира работилница со студенти од четврта година од насоката Англиски јазик и книжевност и нашите IV-5. Едукативни игри, квиз, бинго се само дел од активностите кои се реализираа и во кои учениците активно учествуваа и се забавуваа.<br><br>Благодарност до вработените и студентите кои беа дел од оваа организација.<br><br>Декан проф. д-р Данче Сивакова-Нешковски, лектор м-р Елена Шалевска<br><br>Педагошки факултет - Битола<br><br>Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници.ученици | 29.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 45.Во пресрет на Светскиот ден за борба против сидата , Први декември.<br><br>Одбележувањето на 1 – ви Декември – Светскиот ден за борба против сидата што во нашето училиште редовно се прави и тоа во соработка со нашите пријатели и соработници од ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола, кои и денес се со нас, а на кои им посакуваме срдечно добре дојде.<br><br>Оваа соработка трае долго време, стана дел од нашата училишна култура и традиција, па се надеваме дека и во иднина ќе продолжи. Чест е да се соработува со луѓето кои се грижат за нашето здравје и секогаш се тука кога треба да споделат нешто особено кога е во прашање превентивата, односно воопшто здравјето.<br><br>Тоа е нивна општествена одговорност, но и морална обврска, а кога е во прашање здравјето секој на свој начин треба да помага сè со цел за подобрување на општото здравје. И ние, како ученици се обидуваме да дадеме свој придинес, а овој пат тоа ќе го направиме преку драматизација на текстот ,,Звукот на осаменоста”. Автор на текстот е Стефан Митревски, ученик во деветто одделение под менторство на наставничката по Македонски јазик, Оливера Илиевска. Драмскиот текст ја следи борбата на Викторија, талентирана пијанистка, која живее како носител на ХИВ – вирусот што го добила при раѓање од нејзината мајка. Со помош на музиката таа се справува со стравот, предрасудите на луѓето, истовремено наоѓајќи поддршка кај своите најблиски и кај оние што го препознаваат нејзиниот талент. Нејзината приказна е пример за тоа како уметноста може да ги сруши бариерите на предрасудите и стравот и да ја покаже вистинската вредност на човекот. Драматизацијата ќе ја проследите во изведба на членовите на драмската секција од нашето училиште. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 29.11 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46. Во просториите на Советот на Општина Битола, се одржа последната работилница од проектот „Биди ти - промени го светот".<br><br>Работилницата ја водеа едукаторите Билјана Темелкова-Бејковска и Даниела Јовановска, претставници на здружението Европско граѓанство-Акција од Битола, а беа поддржани од Општина Битола.<br><br>Учениците од нашето училиште ги водеше наставничката Гордана Анастасова. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 30.11 2024 |
| 47.Специјалниот едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска во соработка со Lions Club "Kabadaja" - Bitola го одбележа 3ти Декември во Дневениот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.<br><br>Учениците од ООУ „СВ.Климент Охридски " -Битола се претставија со претставата "Звукот на тишината", напишана од ученикот - Стефан Митревски од IX 4 одделение под менторство на наставничката по Македонски јазик Оливера Илиевска.<br><br>На штитениците од центарот им беа доделени пакетчиња како донација од Bimilk. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 2.12 2024 |
| 48.Нашето училиште е едно од првите училишта во нашиот град кое воведе инклузивно образование уште пред речиси една деценија. Овде учат ученици со посебни образовни потреби на кои им помага тим од образовни асистенти, предводени од нашиот специјален едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска и со голема поддршка од нашиот директор Предраг Созовски.<br><br>По повод 3 Декември, Меѓународниот | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,<br><br>директор,наставници., ученици | 11.12 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ден на лицата со посебни потреби, образовните асистенти, заедно со нивните ученици, упатија гласна порака: „Сите ѕвезди светат исто на небото!“<br><br>Нека светат секој ден, зашто нашите ѕвездички се посебни, единствени и го заслужуваат своето место на бескрајното, сино небо.<br><br>Оурц Кочо Рацин Битола | | | |
| 49.Интерактивна работилница со учениците од III 2 и III 1 со професор доктор Марина Кузмановска, психолог гешталт советник на тема: Врсничко насилство | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 11.12 2024 |
| 50.Дел од учениците од нашето училиште учествуваа во активноста во рамки на проектот Дигитален пластичен отпад, каде што директно беа вклучени во селекцијата, мелењето и екструзија на филамент од рециклирана пластика. Преку овој процес се запознаа со опремата што е потребна и можноста за рециклирање на пластиката што е сериозен проблем во целиот свет. Проектот Дигитален пластичен отпад го реализира Inno Fab Lab со поддршка од амбасада на САД. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 15.12 2024 |
| 51.По повод Германскиот Божиќен панаѓур кој ќе се одржи на 21.12.2024 година со почеток од 19:00 часот пред Офицерски дом, а организиран од Наставниците по германски јазик од општина Битола заедно со учениците кои го изучуваат германскиот јазик, учениците од 6-то и 7-мо одделение учествуваа на Божиќната работилница, "Weihnachtswerkstatt" и изработуваа Новогодишни украси наменети за Панаѓурот. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 17.12 2024 |
| 52.По повод Денот на заштитникот на Битола, „Свети Нектариј Битолски“, во свечената сала на Офицерскиот дом денес беа доделени наградите на учениците кои аплицираа на јавниот | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 18.12 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| повик на општината за наградување на талентирани и наградени ученици.<br><br>Настанот беше збогатен со програма во која активно учество зедоа нашите ученици кои се дел од мандолинскиот оркестар и хорот под раководство на своите наставници. | | | |
| 53.Нашите ученици заедно со асистентите, како и психологот беа присутни на промоцијата на тактилна сликовница „Крилестата дружина во Музеј“, која се одржа во Музејот во Битола.<br><br>Преводот беше изработен од страна на нашиот специјален едукатор и рехабилитатор Андријана Шокларовска | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 24.12 2024 |
| 54. Во просториите на нашето училиште, пред сите ученици од осмо одделение, беше реализирана работилница како дел од проектот „Образование за човекови права за превенција на детското престапништво", реализиран од Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights "Amos" во соработка со Советот за превенција на детско престапништво, а поддржан од Општина Битола.<br><br>Работилницата ја водеа врсничките едукатори Дарија Шеровска и Јована Дамјановска, ученички во 8-1. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 24.12 2024 |
| 55.Нашите ученици од IX одделение заедно со наставникот Дарко Аврамоски, учествуваа на едукативни работилници за претприемништво: Едукативна работилница за креирање виртуелен стартап и Интерактивна обука за дизајн на новогодишни честитки, календари и обележувачи за книга. Учениците имаа можност да развијат свој виртуелен стартап, односно бизнис во рана фаза, да креираат уникатно име за новиот бизнис, дизајн на лого, дефинирање на целна група, маркетинг-стратегија, да се запознаат со процесот на создавање | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 25.12 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| графички производи, започнувајќи од идеја, па сè до конечен дизајн кој подоцна ќе биде подготвен за печатење, како да ги комбинираат креативноста и техниките на графичкиот дизајн за да создадат уникатни и професионални производи. Работилниците се одржаа во Офицерски дом Битола во организација на ПСУ САБА Битола и Europe House. | | | |
| 56.Дел од традиционалниот Новогодишен базар што се одржа во ООУ „Славко Лумбарковски“, Општина Новаци. беа и нашите IV-5. Одлична организација, дочек, гостопримство. Ви благодариме Општина Новаци, ОУ,,Славко Лумбарковски’’ и сите заслужни за овој настан.<br><br>Билјана Печипајковска ,Мирјана Хаџиевска | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции, фирми,директор,наставници.ученици | 26.12 2024 |
| 57.На новогодишната приредба, во организација на Оурц Кочо Рацин Битола, која се одржа во киното ,,Манаки", учество зедоа и нашите ученици Барбара Василевска, Лука Ристановски и четвртоодделенците на наставничката Билјана Печипајковска.<br><br>Со нивните впечатливи настапи го збогатија овој прекрасен настан, на кој се почувствува духот на конзулска Битола и се слушна македонската, изворна песна.<br><br>Ова беше ден за паметење, со испреплетени емоции и по некоја солза кај сите присутни, без исклучок. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 26.12 2024 |
| 58. Посета на Дневен центар за лица со интелектуална попреченост каде што нашите ученици од IV одделение ги забавуваа нивите другарчиња со претставата "Итар | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 27.12 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пејо" и музички дел кој го изведи нашиот ученик од IX одделение Давид Мурговски, исто така учениците им дадоа новогодишни пакетчиња за своите другарчиња од центарот.<br><br>Нашето училиште е првото училиште во Битола каде што е воведена инклузијата и интеграцијата и уште од најмали години ги учиме нашите ученици да ги прифаќаат различностите како особина а не како хендикеп со помош и насоки на специјалниот едукатор и рехабилитатор.<br><br>Ние сме училиште по мерка на детето.<br><br>Голема благодарност директорката Наташа од Дневниот центар која што секогаш не пречекува со раширени раце. | | | |
| 59._Зимска приказна и наставниците по германски јазик од Битола заедно со **Општина Битола - официјална страница** доделивме новогодишни пакетчиња за најмалите и најмилите во градинките Снегулка и Росица. ОД ДЕЦА ЗА ДЕЦА СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 30.12 2024 |
| 60. Со финансиска поддршка на **Општина Битола - официјална страница**, **Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола - ЛСВ** и **Lions Club "Kabadaja" - Bitola** за потребите на нашите ученици се изработени 20 клупи.<br><br>Благодарност и нашата соработка продолжува и понатаму. | Подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 22.01 2025 |
| 61. Во нашето училиште, во прекрасна атмосфера, се одржа | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и | 29.01 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| зимска работилница.<br><br>Кога ќе се пресретнат љубовта, посветеноста, поддршката и ширум отворените срца, тогаш светнуваат насмевки на детските лица.<br><br>А ако нашите ученици се среќни и насмеани, тоа може да значи само едно - сме успеале!<br><br>Благодарност доДимче Каневче, кој не не заборава и секогаш ни подарува прекрасни подароци. Благодарност за неговиот алтруизам и желбата да ни подари незаборавно доживување.<br><br>Благодарност и до нашиот директорПредраг Созовски, специјалниот едукатор и рехабилитатор Шокларовска Андријанаи секако, тимот на образовните асистенти. | училиштето | институции,фирми,директор,наставници.ученици | |
| 62. На 30.1.2025 година во нашето училиште се одржа предавање на тема ,,Врсничко насилство" од страна на стручни лица од Министерството за внатрешни работи, за ученици од осмо и шесто одделение. Учениците активно се вклучија во работилницата, поставувајќи прашања и презентирајќи ги своите размислувања при што имаа можност да ги продлабочат своите знаења на оваа тема. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 29.01 2025 |
| 63. ,, Сојузот на просветните работници на Република Македонија",на ниво на Република Македонија (декември, 2024.г.)додели втора награда за нашата осмоодделенка, Антонија Вишиноска, за лична поетска творба на распишаниот литературен конкурс:,,Во чест на просветителот, | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 01.2 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| св. Климент Охридски" (по повод 8.Декември-Денот св. Климент Охридски). Сојузот додели благодарница за ООУ„ Св. Климент Охридски" - Битола и признание за менторот.<br><br>Чест ми е што му посветив стихови на Свети Климент Охридски. Неговото дело ме инспирира, а со песната „Горда сум, Клименте, пишувам со твоето слово“ му оддавам почит со искрено восхитување. | | | |
| 64. Во рамките на проектот "Унапредување на здравјето во училиштата" и слободниот изборен предмет "Учам за моето здравје" наставничката Пандора Алексова Запаренко одржа работилница со учениците од 5-2 одделение "Оваа ѕвезда сум јас" | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 11.2 2025 |
| 65. Работилница со учениците од СОУ „Таки Даскало" струка графичка на тема: „Љубов почит и пријателство" | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 14.2 2025 |
| 66. Во нашиот град се одржа манифестацијата „Избор на најдобри спортисти на Битола за 2024 година“, во организација на Сојузот на спортови на Битола, со поддршка на Општина Битола.<br><br>Ни претставува посебно задоволство што на сцената имаше голем број на ученици кои биле дел или се уште се ученици во нашето училиште.<br><br>Во делот за награди за најдобри младинци во 2024 година, им честитаме на учениците:<br><br>Давид Мурговски  кошарка и<br><br>Мила Петровска пливање, за | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 18.2 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| освоените признанија.<br><br>Честитки и за нашите ученици кои беа составен дел од голем број на колективни спортови, како и за наградата на наставникот Златко Трајчевски во делот училишен спорт. | | | |
| 67. Под мотото "Wir machen einen Filmtag", учениците кои го изучуваат германскиот јазик од нашето училиште заедно со ученици од ООУ"Коле Канински" и ООУ"Елпида Караманди" проследија филм на германски јазик, научија нов вокабулар, па како завршна активност работеа во групи и одговараа на прашања поврзани со филмот. Учениците доста научија, но и се забавуваа.<br><br>Учиме јазик едноставно и лесно!<br><br>Deutsch macht Spaß! | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 18.2 2025 |
| 68. Одобрен грант на Јапонска амбасада за замена на кровната конструкција на нашето училиште.<br><br>На 21.2.2025 година во просториите на Јапонската Амбасада во Скопје се потпиша договор помеѓу директорот Предраг Созовски како претставник на нашето училиште и амбасадорката на Јапонија, нејзината екселенција Сецуко Кавахара. Со договорот на нашето училиште му се одобри грант за замена на кровната конструкција во вредност од 80314 евра. Проект кој ќе треба да се реализира во идниот период.<br><br>Ова е втор пат нашето училиште да добива грант од Јапонија при што првиот пат во вредност од 52348 | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 26..2 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| евра беше заменета столаријата во сите кабинети.<br><br>Му се заблагодаруваме на тимот кој посветено работеше на овој грант. Проектот како и за првиот грант го изработи наставничката Снежана Захариева, додека дел од тимот беа директорот Предраг Созовски, Николина Митревска, Гордана Анастасова, Љупка Петкова како и многу други колеги и претставници од службите кои несебично повеќе или помалку дадоа свој придонес.<br><br>Со добивањето на грандот оддаваме благодарност и вечно сеќавање на нашата поранешна директорка, Андријана Мигуловска во чие време оваа соработка започна.<br><br>Замената на кровот секако ќе обезбеди подобри и побезбедни услови за реализација на наставниот процес во нашето училиште.<br><br>На крај огромна благодарност за добиените средства до народот на Јапонија, амбасадорката на Јапонија како и претставниците на амбасадата, за нивната континуирана и несебична поддршка.<br><br>Со одобрување на овој грант слободно можеме да кажеме дека покрај нашата држава и нашата општина, јапонскиот народ претставува најголем поддржувач при создавањето на квалитетни услови за реализација на наставниот процес во нашето училиште. | | | |
| 69. „Да се има право значи дека нешто имаш, може да<br><br>правиш, треба да добиеш, треба другите да прават за тебе". | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 27..2 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ученичкиот парламент на нашето училиште одржа интересна работилница на тема ,,Имам право да ги знам моите права." Преку презентација,дебати и работни листови ги споделија своите знаења и размислувања за правата на децата и ги категоризираа правата на децата во групите според Конвенцијата на детските права. | | | |
| 70. 28 февруари учениците од прво одделение од нашето училиште со работилници го одбележаа Светскиот ден на лицата со ретки болести<br><br>"Сите сме различни, но исти" | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 28..2 2025 |
| 71. Месецот на екологијата го започнуваме со одбележување на 05 март-Светскиот ден за заштеда на енергијата од страна на учениците на II-4 и V-2.<br><br>Учениците од II-4 преку драматизација и еко пораки за заштеда на електричната енергија во домот, ни порачаа дека МАЛИ промени, можат да направат ГОЛЕМА разлика. Што повеќе да да ја користиме енергијата на сонцето и ветерот, така што ќе ја заштитиме и нашата планета.<br><br>По повод 5 Март - Денот на енергетска ефикасност со учениците од V-2 беше реализирана активност за придобивките од користењето на обновливи извори на енергија. Учениците споделија и начини на штедење на енергија како прв чекор кон промена на секојдневните навики и примена на енергетската | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 05.3 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ефикасност. | | | |
| 72. Нашето училиште преку работилница овозможена од компанијата „Макпетрол“, предводена од психологот Деспина Стојановска, модерирана од страна на Сашко Коцев, а со активно учество на Ивана Балаловска (психолог во ООУ “Св. Климент Охридски“), Дијана Христовска (директор во ООУ “Коле Канински“) и Слаѓања Бојаџиева (одделенски наставник во ООУ “Тодор Ангелевски“, учествуваше во кампањата „Крени глас против врсничкото насилство“.<br><br>Во рамките на оваа кампања на 12.3.2025 година во ООУ„Св. Климент Охридски“-Битола беше организиран настан/работилница наменета за родителите и наставниците.<br><br>Целта на работилницата беше подигнување на свеста за врсничкото насилство и начини на кои младите можат да се спротивстават, да се борат против оваа појава и да се подготват со алатки за разбирање на различните форми на насилство, како и со стратегии за поддршка на жртвите. Се надеваме дека со оваа дискусија дадовме придонес во решавањето на проблемот со врсничкото насилство во нашата држава. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 13..3 2025 |
| 73. По повод Денот на математиката ,денот на бројот Пи 14.3.2025 година, на Техничкиот Факултет во Битола се одржа настан на кој беа поканети учениците и менторите кои постигнале високи резултати на натпреварите по математика на Државно ниво минатата учебна | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 13..3 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| година.<br><br>Од нашето училиште беа поканети ученичката Бјанка Митревска и менторот Николина Мартиновска .Покрај интересната презентација која ја проследија од страна на професори и асистенти од факултетот, ученичката и менторот беа наградени со Признание за исклучителни постигнувања на натпреварите по математика на државно ниво. | | | |
| 74. Нашето училиште беше домаќин на Регионалниот натпревар по математика, каде што ученици од училиштата од битолскиот регион ја покажаа својата љубов кон математиката и аналитичкото размислување.<br><br>Им благодариме на сите учесници и нивните ментори за посветеноста и ентузијазмот | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 15.3 2025 |
| 75. Безбедно за вас, безбедно за природата!<br><br>Секојдневно користиме средства за чистење и лична хигиена, но многу комерцијални производи содржат агресивни хемикалии кои можат да предизвикаат алергии, иритации и загадување на природата. Оваа брошура нуди природни и еко-пријателски алтернативи – едноставни, ефикасни и безбедни рецепти што можете да ги подготвите дома.<br><br>Започнавме со идеи за средства за чистење, но добиените предлози ја проширија визијата кон грижа не само за домот, туку и за здравјето и личната хигиена. Ги одбравме најдобрите рецепти за чистење, | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 24.3 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дезинфекција и лична нега, комбинирајќи ги во практично упатство.<br><br>Искрено им благодариме на сите ученици и родители кои одвоија време и вложија труд во оваа иницијатива. Вашата посветеност и интерес покажаа дека природните алтернативи сè повеќе добиваат значење во секојдневниот живот.<br><br>Направете мал чекор кон поголема промена – за почиста средина и поздрава планета! | | | |
| 76. На конкурсот организиран од **BV Business Group**, во категорија II која ги опфаќаше учениците од I-V одделение, победи нашата ученичка од I-3 одделение - Ива Атанасова. Честитки за нашата ученичка со желби за многу успеси во иднина. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 26.3 2025 |
| 77. Учениците од II -5 го одбележаа"Светскиот ден за заштита на водите"- 22 Март преку обработка на сликовницата,Зошто треба да штедам вода?"<br><br>Потоа цртаа, пишуваа пораки за штедење на водата и изработија плакат од пораките во форма на капка вода.<br><br>"Водата треба да се штеди,затоа што вреди" | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 26.3 2025 |
| 78. Секогаш има надеж - Одбележување на Денот на екологијата и пролетта<br><br>„ Здивот на надежта “ е насловот на театарската претстава што денес беше изведена во скромните услови ( за театарска изведба) на нашето училиште. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 28.3 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претставата беше реализирана од учениците, членови на драмската секција од нашето училиште, работена според текстот на Стефан Митревски, ученик во деветто одделение под раководство на наставничката по Македонски јазик, Оливера Илиевска.<br><br>Преку ликот на младото момче, Давид кое е болно од астма, авторот ни ги прикажува последиците од загадениот воздух врз здравјето на луѓето. Но, енергијата на младите и искуството на возразните се доказ дека сплотени, заедно можеме да придонесеме во борбата за подобра животна средина и заштита на планетата Земја.<br><br>Претставата ја следеа учениците од одделенска настава ( четврто и петто одд.) со нивните одговорни наставници, родители, а присутни беа и дел од наставниците во предметна настава, претставници од ППС и секако нашиот директор, Предраг Созовски. | | | |
| 79. Дел од учениците од IX одделение, своите знаења по Историја, ги надополнаа со Нашата татковина и заедно го посетија сведоштвото за богатото минато и културното наследство на оваа земја, во НУ Завод и Музеј Битола.Посетата ја дополнија со кратка прошетка, разгледувајќи ги и анализирајќи ги значајните културно - историски знаменитости на славниот Широк Сокак. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 28.3 2025 |
| 80. „Го славиме Данте Алигиери и Божествената комедија!<br><br>По повод Дантеди, на 25ти Март го истражувавме животот на Данте и неговото неверојатно патување низ Пеколот, Чистилиштето и Рајот. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 24.3 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Нашите ученици од VIII одделение создадоа инспиративни проекти кои на креативен начин го оживеаја неговото безвременско дело. Прекрасно е да се види нивниот ентузијазам за литературата и раскажувањето! | | | |
| 81. Одбележувањето на денот на аутизмот е еден ден, но целта останува иста – да се осврне на предизвиците и потребите на лицата со аутизам и да се промовира нивната инклузија во сите аспекти на општествениот живот. Во нашето училиште денот се одбележа со различни активности во повеќе одделенија.<br><br>Оваа година **Lions Club "Kabadaja" -** Битола донираше школски прибор за децата со аутистичен спектар. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 3.4 2025 |
| 82. Во нашето училиште се реализира предавање од страна на претставник од СОЕУ " Јане Сандански" - Битола за професионална ориентација. Целта на оваа презентација е да им помогне на учениците да го изберат својот идентитет во кариерата и да ги запознаат со можностите кои им се на располагање по завршување на основното образование. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 8.4 2025 |
| 83. Ги сакаме утрата како ова денес.<br><br>Заедно сме со ученици полни со знаење,<br><br>кои имаат безброј прашања, кои се внимателни и на наше задоволство среќни и задоволни од нашето утринско дружење.<br><br>Воодушевени сме од подготвеноста на учениците да разговараат на | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 10.4 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| многу теми.<br><br>Ви благодариме за посетата драги ученици и наставнички од ООУ „Климент Охридски“.Совет на IV одд. | | | |
| 84. Учениците од шесто, седмо и осмо одделение учествуваа и настапуваа на националната франкофонска вечер во Св.Николе организирана од Фондацијата ,,Бел Идеал" со присуство на претседателката на Р. Македонија Г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и Амбасадорот на Р. Франција.<br><br>Истиот ден го посетија и францускиот Институт од Скопје. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 10.4 2025 |
| 85. Во име на сите ученици, родители и наставниот кадар од нашето училиште, изразуваме искрена благодарност до **Проект Среќа** за нивната несебична донација со која обезбедија оброк за голем број деца во нашето училиште.<br><br>Нивната хуманост и грижа за најмладите ни даваат надеж и поттик за подобро и похумано општество. Со нивната поддршка не само што нахранија многу деца од нашето училиште, туку и внесоа радост, насмевки и чувство на припадност и грижа.<br><br>Ви благодариме што покажавте дека заедно можеме да направиме големи промени – чекор по чекор, оброк по оброк, срце до срце. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 10.4 2025 |
| 86. Образовните асистенти од нашето училиште заедно со наставничките од Подрачното училиште ,,Трифун Пановски", с.Трново, а по иницијатива на Димче Каневче, организираа велигденска работилница. Учениците играа игри, | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 14.4 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пееја песни, декорираа фигури, сликаа цртежи, но најмногу уживаа во дружењето.<br><br>Од оваа велигденска работилница тие ни испратија една прекрасна порака: ,,Сите да сме со чисти срца, да негуваме вистинска љубов и да испраќаме добри мисли. Нека ни е честит Велигден, сите да сме среќни, радосни и весели! " | | | |
| 87. Во едно општество кое се грижи за поврзаноста помеѓу генерациите, се создава здраво, грижливо и поддржувачко окружување за сите. Затоа е важно да ги негуваме овие односи, да ги охрабруваме средбите и заедничките активности, и да ја препознаеме вредноста што секоја генерација ја носи во нашиот живот.<br><br>За таа цел Ученичкиот парламент на нашето училиште во соработка со ликовната секција, одржа убава празнична работилница на која изготвија прекрасни честитки и велигденски украси. Во духот на големиот празник Велигден, претставници од Ученичкиот парламент го посетија Домот за стари лица Сју Рајдер, каде на тамошните штитеници му ги врачија рачно изработените честитки и подароци, а учениците од IX одделение, членови на секцијата по Македонски јазик реализираа театарска претстава под наслов "Здивот на надежта". За успешноста на оваа активност доказ ни беа задоволните и насмеани лица кои не испратија.<br><br>Да ја чуваме оваа врска – помеѓу младоста и староста – како нешто свето. Зашто токму тука, во таа поврзаност, се крие вистинската човечност. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 16.4 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 88. Нашето училиште е расадник и на ликовни таленти.<br><br>По повод Светскиот ден на уметноста во нашето училиште се одржа изложба на ликовни дела на нашите млади уметници од 8мо одд, под менторство на наставничката по ликовно образование, Ленче Јагоридовска.<br><br>Голема е честа и задоволството да ги афирмираме овие млади уметници,толку скромни,а толку талентирани. Секој со свој автентичен стил и израз на творење,тие ни ги претставија нивните дела во најразлични техники:цртеж, акварел,акрил, масло на платно, дигитален цртеж.<br><br>Учесници: Ивана Костова, Димитар Трајчевски, Теодора Петровска, Матеа Мајриковска, Лука Велјановски, Аделина Фејзоска, Стефанија Тромбева и Ивана Гашовски.<br><br>Голема благодарност за музичката поддршка од страна на наставникот Игор Огненовски.<br><br>Им посакуваме на овие млади таленти да продолжат да чекорат смело по патот на успехот, бидејќи уметноста ги избрала нив и да бидат од оние луѓе кои што ќе го променат светот на подобро преку уметност. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 16.4 2025 |
| 89. Одличната соработка ученици-наставници-Совет на родители уште еднаш се покажа на дело.<br><br>Изразуваме јавна благодарност до сите наши ученици, родители, наставници и сите останати кои денес беа дел и го збогатија со | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 16.4 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| своето активно учество Велигденскиот панаѓур. Во продолжение преку фотогалерија имате можност да проследите дел од денешната атмосферата во која повеќе од илјада гости ги посетија штандовите и имаа можност да ги набават производите кои ги понудија и промовираа нашите ученици. | | | |
| 90. Упорноста - важна човекова карактеристика<br><br>По повод Денот на СОЕУ ,,Јане Сандански"од Битола, нашиот ученик Стефан Митревски од IX⁴ одделение под менторство на Оливера Илиевска, учествуваше на литературниот конкурс на тема: "Ќе го освојам светот ако покрај мене има човек".На конкурсот, Стефан ја освои втората награда. Честитки за добиената награда. Оваа награда е уште еден доказ дека упорноста треба да биде важна човекова карактеристика која секогаш носи добри резултати. Се надеваме дека меѓуучилишната соработка со ова училиште како и со другите ќе продолжи и во иднина зашто само човек со човек ќе може да го освои светот. | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 22.4 2025 |
| 91. По повод Светскиот ден на книгата и авторското право, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола се одржа креативна работилница под наслов „Моја книга – мој свет“.<br><br>Секоја личност има своја приказна, а секоја приказна е универзум за себе. Тоа е нешто што го носиме длабоко во себе, нешто што сакаме да го споделиме, да го замислиме и | Стекнување на нови знаења кај учениците, подобрени услови во училиштето | Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции,фирми,директор,наставници.ученици | 23.4 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23.Се запознаваме со професијата-новинар; | Учениците се запознаваат со професијата новинар/писател; | Стручен актив на трето одделение | мај |
| 24. Завршна приредба на тема :„Битола моја Битола“ | Завршна приредба на третите одделенија | Стручен актив на трето одделение | јуни |
| 23.Изработка на годишен извештај од работата на стручниот актив | Согледување на работата на Стручниот Актив | Стручен актив на трето одделение | јуни |
| 24. Изработка и текстуално прилагодување на описните оцени според критериумите и стандардите за оценување | Изработка на описни оценки за сведителства | Стручен актив на трето одделение | јуни |
| 25. Избор на претседател на Стручниот актив за следната учебна година 2025/26 | Стручен актив на прво одделение | Стручен актив на трето одделение | јуни |

<u>Стручен актив на трето одделение:</u>
Виолета Стевановска – III-1 одделение
Гордана Анастасова - III-2 одделение
Даниела Петковска - III-3 одделение
Весна Димитровска - III-4 одделение -претседател на Стручен актив на IIIодд.
Лилјана С.Алабаковска - III-5 одделение

## Стручен актив на четврто одделение

| Активности | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.Потврдување на претседател на Стручен актив на четврто одделение | 1.Формирање на стручен актив | 1.Директор,педагошко психолошка служба | Август |
| 2.Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | 2.Подготвување на програма за работа на стручниот актив за тековната учебна година | 2.Стручен актив на етврто одделение | Август |
| 3.Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето | 3.Изнесување на мислење за Годишната програма на училиштето и развојниот план со вклучување на активностите од програмата на стручниот актив на четврто одделение | 3.Стручен актив на четврто одделение | Август |
| 4.Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови; | 4.Набавка на дидактички сет за четврто одделение во согласност со наставната програма | 4.Стручен актив на четврто одделение | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.Консултации околу подготвувањето на годишните, тематските, дневните планирања како и преостанатата педагошка евиденција | 5.Разгледување на е наставната програма за четврто одделение | 5.Стручен актив на четврто одделение,ППС | Август |
| 6.Консултации за ученици кои имаат проблеми со учењето и однесувањето | 6.Подобрување на квалитетот на учење кај одредени ученици.Размена и споделување на искуства меѓу колегите | 6.ППС,Стручен актив на четврто одделение | Септември |
| 7.Усогласување на критериуми за оценување кои што ги користат наставниците за оценување на учениците (инструменти) | 7.Изработка на инструменти за континуирано следење проверување и оценување на учениците | 7.ППС,Стручен актив на четврто одделение | Септември |
| 8.Изработка на ИОП | 8.Изработка на ИОП за подобрување на квалиттето на следење и оценување кај ученици со посебни потреби | 8.ИОП изработија одделенските наставници во паралелките IV-4 и IV-5 за одредени ученици во тие паралелки | Септември |
| 9.Посета на приватна установа - Дом за стари лица „Софија “ – Битола | 9.Развивање на добри човечки особини,емпатичност,хуманост одговорност | 9.Ученици од четврто одделение,стручен актив на четврто одделение | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.Договор за заедничка активност на стручниот актив по повод Денот на училиштето | 10.Подготовка за учество на стручниот актив во програмата по повод „Денот на училиштето а под мото„Градиме мостови„ | 10.Стручен актив на четврто одделение,ученици | Октомври |
| 11.Посета на Општина Битола | 11.Корелација со наставен предмет Историја и општество | 11.Стручен актив на четврто одделение | Ноември |
| 12.Учество во програмата по повод Денот на училиштето | 12.Учество на стручниот актив во програмата по повод Денот на училиштето со своја точка | 12.Стручен актив на четврто одделение | . Декември |
| 13.Подготовка за училиштен математички натправар | 13.Усовршување на учениците за престојниот натпревар по математика за постигање на подобри реаултати | 13.Стручен актив на четврто одделение | Декември |
| 14.Предновогодишни активности | 14.Посета на театарска претстава „Снежната кралица,во НУ„Народен театар-Битола | 14.Стручен актив на четврто одделение | Декември |
| 15. Размена на мислења од реализацијата на наставата во прво полугодие-предности и недостатоци | 15. Разгледување на успехот на учениците на крајот од првото тримесечие<br>Предлог мерки за подобрување на успехот на учениците<br>Споделување на искуства меѓу колегите | 15. Стручен актив на четврто одделение | Јануари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. Изготвување на неделни планирања | 16. Средување на потребната документација<br>Споделување на искуства меѓу колегите.<br>Унапредување на професионалноста и стручноста на наставниците во реализацијата на наставната програма | 16. Стручен актив на четврто одделение | Јануари |
| 17. Подготовка на материјали за престојните математички натпревари на општинско ниво и математички натпревар„Кенгур“ | 17. Подготовени се материјали за поддршка на ученици кои учествуваат на натпревари<br>Избор на задачи и соодветна стручна литература.<br>Соработка со родителите за активностите околу претстојните натпревари | 17. . Стручен актив на четврто одделение | Февруари |
| 18.Обука за препознавање на деца кои трпат семејно насилство. | 18 Препознавање на деца кои трпат семејно насилство и справување со детектирани случаи. | 18.Здружение за психосоцијална поддршка и истражувања „Одраз„од Битола, актив на четврто одделение. | Февруари |
| 19.Планирање на активности по повод Денот на шегата | 19. Припремање на учениците за учество во активностите на училиштето по повод Денот на шегата | 19.Учениците од четврто одделение изработија интересни маски кои ги изложија на училишното пано. | Март |
| 20.Посета на Музеј Битола | 20.Корелација со наставен предмет Историја и општество<br>Запознавање со минатото преку излагања на кустос од музејот и експонати изложени во музејот . | 20.Стручен актив на четврто одделение,вработени во музејот | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21.Велигденски паѓур | 21.Излагање и продажба на ликовни дела од учениците . | 21.Стручен актив на четврто одделение, родители и ученици од четврто одделение | Април |
| 21.Изготвување на неделни планирања | 21.Унапредување на професионалноста и стручноста на наставниците во реализацијата на наставната програма | 21.Наставен кадар од четврто одделение | Мај |
| 22..Посета на Инфо-центар Пелистер | 22.Посетата на Инфо- центарот е со едукативен карактер.Водачот и презентер ги запозна учениците со ендемичните видови на голем број примероци од богатата флора и фауна на нашата убава Баба Планина.Учениците имаа можност да видат примероци од голем број растенија како и животни кои живеаат на оваа планина.Имаа можност и да се рекреираат на нерените на Голема и Мала ливада, да се дружат и забавуваат на чистиот терен и да вдишат чист планински воздух. | 22.Ученици од четврто одделение,наставници и представник од инфо-центарот во улога на презентер и водач . | Јуни |
| 23.Изработување на годишен извештај за работа на стручниот актив | 23.Предлози за измена или дополнување на програмата на стручниот актив во согласност со развојниот план на училиштето | 23.Наставен кадар<br>Директор<br>ППС | . Јуни |
| 24.Избор на претседател на стручен актив за следната учебна година | 24.Избран е претседател на стручен актив за следната учебна година | 24.Наставен кадар<br>Директор<br>ППС | Јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25.Предлози за измена и дополнување на програмата на стручниот актив за следната учебна година | 25.Изработка на извештај за работата на стручниот актив | 25.Наставен кадар<br>Директор<br>ППС | Јуни |

Претседател на стручен актив:Валентина Вељановска

## Стручен актив на петто одделение

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. Избор на претседател на Стручен Актив на петто одделение | Избирање на Претседател на Стручниот Актив | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 2. Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година | Донесување на програми, инструменти, материјали на наставниците од Стручниот Актив | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 3.Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето | Разгледување на програмата | Стручен актив на петто одделение | Август |
| 4. Подготвување на тематски процесни и неделни планирања, разговор за инструментите за оценување | Изготвување на тематски процесни и неделни планирања според насоките дадени од БРО на ниво на актив | Стручен актив на петто одделение ППС | Август |
| 5.Информирање на наставниците за планот за личен ипрофесионален развој | Разгледување на планот за личен и професионален развој | Стручен актив на петто одделение | Септември |
| 6. Потврдување на секциите за вонннаставни активности | Изготвување на листи за секциите | Стручен актив на петто одделение | Септември |
| 7.Разгледување на програмата за изборен предмет во прво и второ полугодие | Изготвени евидентни листови според целите предвидени во програмата | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Септември |
| 8.Консултации за активности во училишниот весник „Светлини“ | Запознавање и мотивација на учениците за учество | Стручен актив на петто одделение | Октомври |
| 9.Договор за учество на ликовен и литературен конкурс на тема„Климент аманет остави-СЛОВОТО да го чуваме“ | Разгледување на реализираните активности | Стручен актив на петто одделение | Октомври |
| 10.Договор за активности по повод Денот на училиштето | Секоја наставничка ќе настапи со своја точка | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Ноември |
| 11.Учество на приредба по повод патрониот празник на училиштето | Стручниот актив на петто одделение се претстави со поетско читање на песните кои учениците сами ги твореа и со кои учествуваа на литературниот конкурс. | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Секоја паралелка сепретстави со своја точка | | |
| 12.Учество на централната приредба по повод патрониот празник на училиштето | Претставување и добивање на награди на наградените ученици и ученици од 5-2 со својата точка | Наградени ученици и ученици од 5-2 | Декември |
| 13. Изработка на полугодишен извештај од работата на стручниот актив | Изработка на извештај, споделување на искуства | Стручен актив на петто одделение | Декември |
| 14.Обука за новата национална платформа nastava.mk. | Зајакнување на компетенциите на наставниците согласно сопствениот план за професионален развој | Стручен актив на петто одделение | Јануари |
| 15. Подготовка на ученци за општински натпревар по математика и приодни науки | Подготовка, поддршка и мотивирање на учениците, развивање на нивниот талент | Стручен актив на петто одделение и предметните наставници | Февруари |
| 16. Реализирање на активности по повод Денот на шегата | Зајакнување на соработката со родителите, развивање на креативноста на учениците | Стручен актив на петто одделение | Март |
| 17. Реализирана посета на детски музички фестивал „СИ-ДО“ | Развивање на љубовта кон музиката, поттикнување на учениците за јавни настапи, создавање цврсти пријателски врски меѓу децата, меѓусебна толеранција, поддршка и разбирање | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Април |
| 18. Реализирана посета на кино претстава- документарен филм „Бамби“ | Примена на знаењата од подрачјето Медиумска култура и писменост, развивање навики за културно однесување во театар и поттикнување на љубовта кон театарот и глумата | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Април |
| 19. Велигденски панаѓур | Развивање на претприемнички дух кај учениците<br>Подобрување на социјалните и комуникациските вештини<br>Применување на наученото во практика<br>Подигање на свеста за хуманост или заеднички | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | цели<br>Вклучување на родителите и заедницата во образовниот процес | | |
| 20. Реализирана Настава во природа | Социјализација на учениците, поврзување на теоријата и практиката,културно-образовни надоградувања и развивање на спортски дух.<br>Анализа на извршената посета и изведените часови;<br>Поднесување извештај на ниво на актив | Стручен актив на петто одделение и нивните ученици | Од 26 до 28 мај 2025 година |
| 21. Обука за наставниците „Разрешување конфликти со учениците и меѓу учениците“ | Обука на наставниот кадар со цел зајакнување на компетенциите, согласно сопствениот план за професионален развој | Стручен актив на петто | Јуни |
| 22. Изработка на годишен извештај од работата на стручниот актив | Анализа и евалвација на работата на активот, планираните и реализираните активности | Стручен актив на петто | Јуни |
| 23. Избор на претседател на Стручниот актив за следната учебна година 2025/26 | Континуирана работа на стручниот актив | Стручен актив на петто | Јуни |

Надица Трпковска – V -1 одделение
Пандора Алексова Запаренко  - V -2 одделение
Жанета Лутовска-  V -3 одделение
Ирена Трајковска - V -4 одделение
Ирена Георгиевска  V -5 одделение

Претседател на стручен актив
Ирена Георгиевска

## Стручен актив на дневниот престој

Во Дневниот престој се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истиот, од прво до петто одд. На почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 100 ученици, а наредните месеци нивниот број вариаше и до крајот на првото тримесечие достигна до 126.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 4 одделенски наставници одговорни за Дневниот престој, со работно време од 7 и 15 до 16 и 15 часот.

| Цели од годишната програма на тимот Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| -Развивање на интересите за увојување и проширување на знаењата<br>- Развој на целокупната личност на ученикот, нејзините индивидуални и единствени потенцијали<br>-Подготовка на учениците за понатамошно образование и перманентно учење | Задолжителни активности | Септември-јуни | - Изработка на домашна работа;<br>- Повторување на материјалот;<br>- Подготовка за писмени работи;<br>Задолжителните активности се реализираатсо цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата. | |
| -Воспитание на учениците според универзалните морални начела<br>-Социјализација<br><br>–Да развива способност за организација на времето | Слободни ученички активности | Септември-јуни | Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата сала и училишниот двор.<br>- Мало училиште за големи нешта<br>- Моливот пишува со срцето<br>- Шарам-создавам<br>- | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (корелација меѓу учењето и слободното време)<br>-Да развива навики за друже љубивост и соработка | | | Пееме,танцуваме,глумиме<br>- Игри без граници<br>- Активности по избор на учениците. | |
| -Едукација за корупција и антикорупција<br>-Учениците да се запознаат со поимот корупција и антикорупција, социјален притисок,етичност..<br>-Облиците во кои мозе да се јави корупцијата<br>-Да го знаат штетното влијание на корупцијата о нејзиното спречување | Активности за корупција и антикорупциј | 27.09.2024<br>25.10.2024<br>15.11.2024<br>20.12.2024 | Со цел запознавање на учениците со поимот корупција и антикорупција во текот на првото полугодие се одржани четири работилници. Сите работилници беа различни. Во првата, учениците преку предавање од наставниците беа запознаени со поимите, па потоа им беа поделени текстови за да препознаат во кој текст има корупција. И во останатите три работилници учениците беа доведувани преку осмислени игри, прашалници, текстови да препознаат корупција, да увидат на дека корупцијата е зло за човекот и општеството и да ја спречат истата. | |
| -Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес | ЕКО активности – Заштеда на енергија | 12.12.2024г. | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за заштеда на ел. енергија во просториите на дневниот престој се одржа активност – изработка на упатства за заштеда на електрична енергија. Учениците доаѓаа до различни сознанија за ел. Енергија од различни | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | извори за учење. Се дискутираше околу потребата за тоа каде и колку се троши електричната енергија, се бараше начин за разумно користење на истата.Потоа изработуваја упатства за заштеда на ел енерги, кои ги залепија на хамери. Следно следеше презентација. | |
| Одбележување и празнување на Денот на училиштето | Активности по повод Денот на училиштето | 05.12.2024-09.12.2024г. | По повод Денот на училиштето во просториите на Дневниот престој се реализираше ликовна и литературна работилница. Учениците работеа во две групи. Едната група изработуваше честитки, цртежи и украси со ликот на Климент Охридски, а другата група пишуваше песни и текстови за неговото дело. | |
| -Прославување и запознавање со Новогодишните празници<br><br>-Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата<br><br>-Развиваење на навики за дружељубивост и соработка | Активности по повод Новогодишните празници | 16.12.2024-19.12.2024 | Во Престојот се одржа креативна работилница за украсување на вратите и просториите. Активностите на оваа работилница беа доста интересни,креативни,забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера исполнета со многу игра,смеа и музика. Прозорците се обложија со најлонска фолија,се нацрта зимски, новогодишен пејсаж, се боеше со темперни и тонери во различни бои, па се украсуваа со памук,светки.Вратите се обложија со хамери во различни бои од кои се | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | изработија фигури со зимски мотиви. | |
| -Одбележување на Денот на мајката<br>-развива љубов кон неа<br>-развивање на креативни и творечки вештини,развивање на моториката,креативноста,истрајноста и доследноста во работата | Активности по повод Денот на мајката | 06.03.2025 | По повод Денот на жената во просториите на Дневниот престој се реализираше активност со која се изработуваа украсни честитки за своите најмили. Учениците со помош на наставниците изработуваа честитки за својата мајка при што несебично ја изразуваа својата љубов со зборови, во истите. Активностите на оваа работилница беа доста интересни, креативни, забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера. | |
| -Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата | Активности по повод Велигденските празници | 14-18.04.2025 | По повод Велигденските празници, наставниците од Дневниот престој изработија видеа со инструкции за изработка на велигденски предмети. Учениците ги добија видеата онлајн и успешно си ја извршија својата задача. Изработија предмети кои можат да се видат испратените фотографиите кои стојат посебните извештаи. | |
| - Учениците да ги препознаат разликите и сличностите меѓу луѓето ;<br>- Да ги воочат различните обичаи и обележја на различните култури, вери и религии;<br>- Да научат дека | МИО активност Убаво е да се биде различен | 28-30.04.2025 | За да се спроведе оваа активност наставниците од престојот изработија видео со содржина за различностите помеѓу луѓето на тема „Убаво е да се биде различен“. По изгледаното видео учениците имаа за задача нешто да нацртаат или пак да напишат текстови и песнички на дадената тема. Децата ја прифатија | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| различностите треба да ги прифаќаат и да ги почитуваат. | | | задачата и нацртаа и напишаа многу убави цртежи, песнички и состави. | |
| -Развивање свеста кај учениците за сопственото здравје;<br>- Учениците да ги увидат придобивките за сопственото здравје доколку се хранат со здрава и чиста храна ;<br>-Учениците да научат да препознаваат која храна е добра, а која лоша за нивното здравје;<br>-Учениците да се стекнат навики да конзумираат здрава храна. | ЕКО активност <u>Пирамида на исхрана</u> | 05-08.05.2025 | По повод оваа активност наставниците од Престојот изработија видео со соржини за здрава исхрана.По изгледаното видео учениците имаа за задача да спремат по еден здрав оброк заедно со своите родители. И оваа задача од учениците беше доста добро прифатена и добивме најразлични фотографии од нивните здрави јадења. | |

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | НЕГАТИВНИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Соработка со родителите, со наставниците, со ППС и Директорот на училиштето.<br><br>2. Организирана работа по групи.<br><br>3. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата.<br><br>4. Дружење меѓу двете смени(развивање на другарски односи,помош и соработка). | |

Одделенски наставници: Анкица Стевановска
Марина Кочовска
Билјана Костовска
Даниела Ристеска

## Стручен актив по Македонски јазик

### Анализа на постигнатите резултати

Стручниот актив за Македонски јазик во состав: Соња Петровска (претседател), Оливера Илиевска, Мирјана Стојановска, Маргарита Поповска и Соња Бандевска, со меѓусебен договор и соработка успешно ги реализираа планираните активности.

| Ред. бр. | Активност | Време на реализација | Опис на активноста |
|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на Денот на европските јазици–26. Септември | септември, октомври 2024 година | Читање поезија, секој наставник на својот час-лични творби на учениците ,членови на секциите, под менторство на предметните наставници. |
| 2. | Учество на Активот во одбележувањето на Денот на ООУ,,Стив Наумов“-Битола | 24. октомври, 2024 | Учество на распишаниот литературно-ликовен кокнурс со мото:,,Моето училиште, мојот град, моето сè“, по повод Денот на ООУ,,Стив Наумов“-Битола. |
| 3. | Учество на Активот по распишан конкурс | 31.октомври,2024 година | Ученичката Антонија Вишиноска од 8-5 одд. (член на литературната секција); диплома за 2.награда за лична поетска творба; (ментор, Соња Петровска)..<br><br>Учество на литературното читање (мала сала-Центар за култура) по распишаниот литературен конкурс;,,Акро-Стих-о-ТВОРБИ“, организиран од ,,American corner“-Битола; дипломи за успешно учество со лични поетски творби на мајчин македонски јазик, во форма на акростих за: Антонија Вишиноска, 8-5 одд. и Ангела Стојановска, 8-2 одд. (литературна секција, ментор, Соња Петровска). |
| 4. | Учество на Активот на манифестацијата по повод 80 години од ослободувањето на Битола | 9. ноември, 2024 година | Учество во настан во организација на:,,Сојуз на борци“-Битола; повод:,,80 години од ослободувањето на Битола“. Учесници со читање лични поетски творби:<br>Мила Димовска, Ана Марија Ѓувтевска, Анастасија Кузманоска, Маригона Зенуни од 7.одд. (ментор, Соња Бандевска);<br>Антонија Вишиноска, 8-5 одд. (литературна секција); настап со лична поетска творба; ,,Моето училиште, мојот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | град, моето сѐ“(ментор, Соња Петровска). |
| 5. | Учество на Активот по повод Детската недела | октомври, 2024 година | По повод одбележувањето на Детската недела, беше реализирана драматизација на учениците од 7.одд., во градинката„Пеперутка“, на тема:„Другарството е важно, без него е тажно“, (ментор, Соња Бандевска и педагог, Анета Николовска). |
| 6. | Учество на Активот по повод Денот на училиштето (подготовка/активности) | октомври/ноември, 2024 година | Договор на членовите на Активот за подготовка и печатење на традиционалниот училиштен весник„Светлини“(распределени активности по членовите, избор на текстови, лекторирање...). |
| 7. | Учество на Активот-по распишан конкурс: „Краснопис“ | 1.ноември, 2024.г. | Учество на Конкурсот за најубав кириличен испис со краснопис на македонски јазик: Ивана Костова и Михаела Станојовска од 8.одд.; организатор:„Меѓународен фестивал Јаков од Камена Река“-Македонска Каменица (благодарници за учество). |
| 8. | Учество на Активот на литературен конкурс во чест на просветителот св.Климент Охридски | 18.ноември, 2024 година | Организатор:„Клуб на писатели „Коста Солев Рацин“-Велес; лирска песна со мотив:„ Во чест на просветителот, свети Климент Охридски“(категорија поетски творби за ученици од основното образование во категоријата од 6.до.9 одд.; учесник:Антонија Вишиноска, 8.одд. со лична поетска творба:„Горда сум Клименте, пишувам со твоето слово“; освоена втора награда. |
| 7. | Распишан литературен конкурс: „Градиме мостови за посветла иднина” по повод Денот на нашето училиште<br><br>Комисија за оценување литературни творби-избор, подготовка на наградите (книги со посвета), доделување | ноември , 2024 година | Мотото предложено и прифатено од Активот. На литературниот конкурс учествуваа сите членови на Активот со свои ученици.<br><br>Комисијата за оценување литературни творби во состав: Соња Петровска (координатор), Оливера Илиевска - предметна настава и Жанета Лутовска-одделенска настава додели награди и пофалници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Наградени ученици од одделенска настава:<br>Михаела Анастасовска, 5-3 одд. (1. награда), ментор-Жанета Лутовска.<br>Леона Ендековски, 4-2 одд.(2.награда), ментор-Велика Дуковска.<br>Деана Атанасовска, 5-2 одд. (3.награда), ментор-Пандора Алексова-Запаренко.<br>Пофалени: Јован Клоштевски, 4-1 одд., ментор-Елена Угарчева и Ирина Хаџиевска, 4-5 одд., ментор-Билјана Печипајковска.<br>Наградени ученици за литературни творби од предметна настава:<br>Михаела Станојовска, 8-2 одд. (1.награда), ментор-Соња Петровска.<br>Стефан Митревски, 9-4 одд. (2.награда), ментор-Оливера Илиевска.<br>Виктор Басаровски, 7-2 одд. (2.награда), ментор-Соња Бандевска).<br>Мила Петровски, 6-5 одд. (3.награда), ментор-Маргарита Поповска.<br>Горјан Саботковски, 7-5 одд. (3.награда), ментор-Мирјана Стојановска.<br>Пофалени:<br>Ангела Стојановска, 8-2 одд., ментор-Соња Петровска и Анастасија Стојановска, 9-3 одд., ментор-Оливера Илиевска. |
| 8.<br><br><br><br><br><br><br><br><br>9. | Одбележување на 1. Декември – Ден за борба против сида<br><br><br><br><br><br><br><br>Учество на Активот –Ден за лица со посебни потреби | декември, 2024 година<br><br><br><br><br><br><br><br>декември, 2024 година | Во соработка со Центарот за јјавно здравје и нашето училиште, учениците од драмската секција (од 9. и 7. одд.) го одбележаа 1. Декември-Денот за борба против сидата. Драматизацијата беше насловена:„Звукот на тишината“, автор на текстот-ученикот Стефан Митревски од 9.одд.<br><br>Учество на драмската секција (учениците од 9. и 7.одд.) во одбележување на Денот за лица со посебни потреби, во Дневен центар за лица со посебни потреби-Битола, (ментор, Оливера Илиевска).<br>Настап со истата драматизација од Денот за борба против сидата.<br>Реализатори: учениците од литературната секција од 9.одд. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Подготовка на литературното катче по повод Денот на училиштето | декември,2024 година | Во централниот училиштен хол, на соодветното катче, беа изложени и пригодно украсени личните творби на учениците од литературниот конкурс, со истакнатата тема: „Градиме мостови за посветла иднина“. |
| 11. | Одбележување на 8. .Декември - Ден на училиштето | декември 2024 | И оваа година Денот на училиштето беше одбележан со низа активности во кои членовите на Активот имаа значајна улога. Одговорни наставници за реализација на активностите:<br>1. Издаден училишниот весник„Светлини“ (учество на сите членови на Активот; одговорен уредник-Мирјана Стојановска ).<br>2. На 6. Декември, во Центарот за култура-Битола, реализирана свечена приредба со значајни активности на членовите на Активот:<br>- Мирјана Стојановска (воведен говор и рецитал, со наслов: „Градиме мостови за посветла иднина“.<br>- Оливера Илиевска, драматизација со наслов: „Јазикот, клуч што го отвора срцето“, автор на текстот, Стефан Митревски од 9.одд.; реализатори-учениците од драмската секција од 9. и 7.одд.).<br>- Соња Петровска (координатор на Комисијата за оценување литературни творби; член-Оливера Илиевска) – доделување на наградите од литературно-ликовниот конкурс;„Градиме мостови за посветла иднина“-членовите на литературната секција од 9.одд .: претходно избрани наслови/ пригодни книги со посвети, дипломи, пофалнивци...; -- - Учество во реализираните активности по повод одбележувањето на Денот на училиштето, стручни соработници и ментори на наградени ученици. |

Заклучок:

Членовите на Активот се задоволни од квантитетот и квалитетот на реализираните активности. Предвидената програма е реализирана во целост, со исклучоци (некои предвидени содржини не беа реализирани од оправдани причини-посета на „Саем на книгата“-Скопје поради задоцнето барање за одобрување на истата од МОН). Активот реализира и активности кои не беа предвидени со програмата за работа: реализирани учества на конкурси, приредби, литературни читања, проекти од градот и надвор од него.

Задоволни се и од работата на дополнителната, додатната настава како и од работата на слободните ученички активности.

Членовите се задоволни од работата на Активот и со постигнатите резултати во оваа учебна 2024/2025 година.

Датум: 10.6.2025.г.

Подносител на извештајот- Соња Петровска,
претседател на Активот за македонски јазик

## Стручен актив за странски јазици

(Англиски јазик, Германски јазик, Француски јазик и Италијански јазик)

| Активност | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на европските јазици | Целта на овој настан е да им се даде значење на јазиците како основен нераскинлив дел од културното наследство на Европа. Промовирање на богата јазична и културна разноликост на Европа, преку традиционално приготвени јадења кои се дел од богатата гастрономска традиција на Европските земји | Наставниците од активот | 26.09.2025 |
| Работилница за одбележување на Светската недела на италијански јазик- Промовирање на италијанската култура и јазик кај учениците преку разни активности поврзани со италијанскиот јазик | Промовирање на италијанската култура и јазик кај учениците преку разни активности поврзани со италијанскиот јазик | Марина Патче Светозарев и ученици од VI, VII и VIII одделение | 16.10.2025 |
| Одбележување на Halloween<br>Изработка на украси, тикви и маски за Halloween | Запознавање со традицијата на празнување на овој празник во САД и споредба со празници во нашата земја.<br>Интегрирање на веќе наученото во нови ситуации при размена на информации за својата култура и културите на земјите од англиско говорно подрачје | Наставници Љупка Петкова Весна Бошевска Ивона Поповска Марија Дранго Имами Ученици од второ, трето, петто, шесто, седмо, осмо одделение | 30.10.2025 |
| Одбележување на Thanksgiving | Запознавање на учениците со традицијата и културата на | Наставници Љупка | 26.11.2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на Thanksgiving cards<br>Изработка на видео презентација | земјите во кои се зборува странскиот јазик како дел од цивилизациските цели предвидени со наставната програма. Запознавање со традицијата на празнување на овој празник во САД и споредба со празници во нашата земја | Петкова<br>Ученици од шесто и осмо одделение | |
| Работилница со нашето училиште и универзитетот во Битола | Одбележување и чествување на нашиот заеднички патрон Св. Климент Охридски | Наставник Марија Дранго Имами и учениците од четврто одделение | 29.11.2024 |
| Сонуваме, патуваме, истажуваме, градиме мостови за посветла иднина | Одбележување и чествување на нашиот патрон Св. Климент Охридски | Наставник Марина Патче Светозарев и учениците од второ и седмо одделение кои беа врснички едукатори | 4.12.2024 |
| Одбележување на патрониот празник на училиштето. Работилница-пишување пораки на тема “Градиме мостови за посветла иднина”на англиски, германски, француски и италијански јазик | Поттикнување на творечка активност, љубов и интерес за пишаниот збор.<br>Поттикнување на креативноста на учениците.Соработка и размена на искуства на наставниците од активот. | Наставници: Љупка Петкова, Весна Бошевска, Марина Патче Светозарев, Каролина Златевска, Катерина Ковачевска<br><br>Ученици VI ,VII,VIII ,IX | 5.12.2025 |
| Предновогодишен германски базар во Охрид | Преку организирани активности, подобро запознавање на германскиот јазик и култура | Наставници Катерина Ковачевска Николче Аврамовски и ученици од | 10.12.2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | шесто, седмо и девето одделение | |
| Божиќна работилница | Подготовка за божиќниот панаѓур | Наставник Катерина Ковачевска и ученици од шесто и седмо одделение | 16.12.2024 |
| Одбележување на Божиќ во Италија | Запознавање на учениците со италијанските обичаи за Божиќ, преку дијалог, презентации и дегустација на италијански спрецијалитети | Наставник Марина Патче Светозарев Ученици од VI, VII, VIII, IX | 20.12.2024 |
| Германски Божиќен панаѓур на зимската приказна во Битола | Заедничка работа од ученици, родители и наставници. Донација на собраните средства | Наставник Катерина Ковачевска и ученици од шесто и седмо одделение | 22.12.2024 |
| Предновогодишна работилница | Соединување на помали и поголеми ученици, заедничка работа во изработката и боење на новогодишни фигури | Наставник Весна Бошевска и ученици од VI1 | 26.12.2024 |
| Новогодишен панаѓур во училиштето во Новаци | Новогодишни проекти од учениците, родителите и наставниците | Наставник Марија Дранго Имами и учениците од четврто 5 одделение | 25.12.2024 |
| Secret Santa Размена на подароци меѓу соучениците Креативна работилница,изработ ка на честитки | Целта на активноста е да се запознаат со традиција на празнување на Нова година и Божик во земјите од англиско говорно подрачје,развивање креативност ,позитивни чувства на споделување и грижа за своите соученици и околината | Наставници Љупка Петкова и ученици од осмо одделение Весна Бошевска и ученици од шесто одделение Катерина | 30.12.2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ковачевска и ученици од седмо одделение | |
| Работилница за подготвување на палачинки. Цивилизација- запознавање сотрадицијата на празникот на палачинките. | Промовирање на француската култура и јазик кај учениците преку активност поврзана со гастрономија. | Каролина Потелле Златевска и учениците од VI, VII, VIII одделение | 3-4. 2. 2025 |
| Работилница за одбележување на San Valentino | Учениците да се запознаат со традициите поврзани со Денот на вљубените во Италија, да ја развијат креативноста преку активности како пишување пораки и изработка на честитки | Марина Патче Светозарев и учениците од VI, VII, VIII | 14.02.2025 |
| Натпревар по англиски јазик Олимпијада Македонија, одржан во Велес | Вреднување на знаењата на учениците | Весна Бошевска, Љупка Петкова, Марија Дранговска | 15.2.2025 |
| Гледање германски филм со ученици од други училишта | Изучување на нов вокабулар на лесен начин преку дружба и размена на искуства со ученици од други училишта | Катерина Ковачевска | 20.2.2025 |
| Изработување честитки со пораки на германски јазик и честитање на наставничките од нашето училиште по повод 8 Март – Денот на жената | Запазување на вредностите во општеството и почитта кон жената | Катерина Ковачевска | 6.3.2025 |
| Натпревар по англиски јазик Олимпијада Македонија, одржан во Велес | Вреднување на знаењата на учениците | Весна Бошевска, Љупка Петкова, Марија Дранговска | 15.3.2025 |
| Данте Алигиери | Учениците да стекнат основни познавања за животот и делото на Данте Алигиери, со фокус на "Божествената комедија" и нејзиното значење во | Марина Патче Светозарев и учениците од VIII | 17.03.2025<br>18.03.2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | италијанската литература | | |
| Денот на екологијата | По повод одбележувањето на Денот на екологијата, на 24.03.2025 na часот по англиски јазик со учениците од седмо одделение се реализира тематска активност на тема "Pollution", со цел да се развие свест за еколошките проблеми и да се поттикне користење на англискиот јазик во реален и општествен контекст. | Ивона Поповска и учениците од VII | 24.03.2025 |
| Учество на општински натпревари по странски јазик | Вреднување на знаењата на учениците на општинско ниво | Весна Бошевска, Љупка Петкова, Катерина Ковачевска,Никола Аврамовски, Виолета Поповска, Ивона Поповска, Марина Патче Светозарев, Кристијан Магденовски | Март 2025 |
| Заштита на животната средина | Учениците да развијат свест за еколошките проблеми и да научат основни термини на италијански јазик поврзани со заштитата на природата | Марина Патче Светозарев и учениците од IX | 26.03.2025 |
| Учество на франкофонската национална вечер во Св.Николе и посета на француски Институт од Скопје. | Претставување на учениците од VI и VII одделение преку активности за културно зближување | Каролина Потелле Златевска и учениците од VI, VII одделение | 9.4.2025 |
| Пеење песни, изработување на цртежи и изучување на нов вокабулар по повод големиот христијански празник Велигден | Низ песни, цртежи и игри изучување на нов вокабулар на германссски јазик | Катерина Ковачевска | 17.4.2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Велигден | По повод Велигден, на часот по англиски јазик со учениците од петто одделение се реализираше едукативна и креативна активност со цел да се запознаат учениците со основниот велигденски вокабулар и традиции на англиско говорно подрачје. | Ивона Поповска | 22.04.2025 |
| Учество на регионални натпревари по странски јазик | Вреднување на знаењата на учениците на регионално ниво | Весна Бошевска, Љупка Петкова, Катерина Ковачевска, Никола Аврамовски, Виолета Поповска, Ивона Поповска, Марина Патче Светозарев, Кристијан Магденовски, Каролина Потелле Златевска | Април 2025 |
| Учество на државни натпревари по странски јазик | Вреднување на знаењата на учениците на државнониво | Весна Бошевска, Љупка Петкова, Катерина Ковачевска,Никола Аврамовски, Виолета Поповска, Ивона Поповска, Марина Патче Светозарев, Кристијан Магденовски, Каролина | Мај 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Потелле Златевска | |
| Let’s Go Green | Во рамките на интегрираниот пристап кон наставата и по повод месецот на екологијата, на 05.05.2025 на часот по англиски јазик се реализираше еко активност со учениците од седмо одделение на тема „Let’s Go Green“. | Ивона Поповска | 05.05.2025 |
| ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЕВРОПА | Работилницата беше посветена на споредба и поврзување на македонскиот и италијанскиот јазик, со цел децата да ја почувствуваат убавината на јазиците. | Марина Патче Светозарев | 5.5.2025 |
| Работилница под мотото „Заштита на животната средина“ реализирана во ООУ„Елпида Караманди“ | Учениците да научат како да ја заштитуваат животната средина како што тоа се прави во Германија | Катерина Ковачевска | 7.5.2025 |
| Денот на Европа | По повод Денот на Европа – 9 Мај, на часот по англиски јазик се реализираше наставна активност со учениците од седмо одделение со цел да се поттикне запознавањето со европските вредности, културната разноликост и улогата на Европската Унија. | Ивона Поповска | 9.5.2025 |
| Меѓународниот ден на детето | По повод 1-ви јуни Меѓународниот ден на детето, на часот по англиски јазик со учениците од петто одделение беше реализирана тематска активност под мотото „Children around the world – We are the same, we are special“. | Ивона Поповска | 2.6.2025 |

## Стручен актив по Математика

Стручниот актив по математика при ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола, брои пет членови :

1. Снежана Захариева – 6 одделение - Претседател на стручниот актив
2. Марија Танева – 6 одделение
3. Николина Мартиновска – 7 одделение
4. Сања Кузмановска – 8 одделение
5. Катерина Наумовска – 9 одделение

Програмата која се подготвува пред почетокот на учебната година, во текот на школската година во целост е реализирана. Во прилог следува извештај за покарактеристичните активности спроведени во прво и второ полугодие:

| **Активност** | **Време на реализација** | **Цели** | **Реализатори** |
|---|---|---|---|
| **Обука за инклузивно образование** | 27.8.2024 | Сите наставници од активот учествуваа на обука за инклузивно образование во времетраење од 2 часа, спроведена од училишниот дефектолог. Тема на обуката беше изработка на индивидуален образовен план. | Наставниците од активот математика |
| **Договор за соработка со СММ и Здружение на математичари - Битола** | Октомври, 2024 | Како и секоја година така и во учебната 2024/2025 година, ОУ “ Св. Климент Охридски” – Битола соработува со Сојуз на Математичари на Македонија кои вршат испорака на Математичкото списание Нумерус. Со учениците се сподели и информација за Есенската математичка школа организирана од СММ, како и математичката школа организирана од здружение на математичари- Битола. | Наставниците од активот математика |
| **Вселена за најмладите – посета на ФИКТ** | 1.11.2024 | Во просториите на ФИКТ се одржа настан од циклусот „ФИКТ – Вселена за најмладите“. Во посета на настанот на 1 ноември 2024 година беа учениците од деветто одделение, од ООУ Св.Климент Охридски под водство на наставник К.Наумовска. Ги посетија предавалните и компјутерските лаборатории на ФИКТ. Младите гости со внимание ја следеа Прошетката низ | Наставник Катерина Наумовска и учениците од 9 одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | вселената преку презентацијата на куполата за виртуелна реалност. | |
| **Активности на математичката секција по повод Денот на училиштето** | 4.12.2024 | При одбележувањето на Денот на училиштето, согласно со насоките дадени од училиштето, на 04.12.2024 година, наставниците од стручниот актив одржаа работилница на тема – Мостови на надежта. Учениците од 6 одделение се претставија со кратка драматизација на текст на тема мостови како физичко и духовно порзување, како и работилница во која се репродуцираше мостот без шајки од Леонардо Да Винчи. | Наставник: Снежана Захариева, ученици од математичката секција од 6 одделение |
| **Училиштен натпревар по математика** | Декември 2024 | Заради голем интерес на учениците, училиштен натпревар се спроведе во 4, 5 и 6 одделение во периодот од 16 до 23 декември. Во согласност со постигнатитие резултати се изготви листа на ученици кои ќе учествуваат на општинскиот натпревар. Поради измените во начинот на спроведување на натпреварите, училиштето во име на стручнниот актив по математика испрати барање до Општина Битола, за обезбедување средства за котизација. | Наставниците од активот математика |
| **Општински натпревар по математика** | 31.01.2025 | Во просториите на училиштето се одржа Општински натпревар по математика на кој учество зедоа 27 ученици од 4 до 9 одделение. Постигнати беа следните резултати: 13 први места, 5 втори места, 6 трети места и 2 пофалници. Сите ученици продолжија на регионален натпревар. | Наставниците од активот математика, ученици од 4 до 9 одделение |
| **Обележување на Денот на математиката** | 14.03.2025 | Денот на математиката, 14.03.2025 традиционално се обележа со активности од областа на математиката | Наставниците од активот математика, |

| | | | |
|---|---|---|---|
